Прилог 1.4. В. Записник од ННС за дискусија и усвојување на извештај за реализација на ГАП
Прилог 1.4. Г. Годишен акциски план за 2025/26
Прилог 1.4. Д. Записник од ННС со усвоен ГАП за 2025-26
Прилог 1.4. Ѓ. Извештаи за реализација на ГАП за 2025-26
Прилог 1.4. Е. ГАП за ГФ за период 2026-27

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.

Градежниот факултет, преку Наставно-научниот совет, ги дискутира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување квалитет, односно анкетите и извештаите од самоевалуациите, и дава конкретни предлози за дополнување и подобрување на истите пред нивно конечно усвојување.

Во наредната фаза, истите се темелно разгледувани од страна на Советот за квалитет на факултетот кој, во рамките на стандардите, го утврдува степенот на исполнетост за секој од индикаторите, во зависност од која оценка (исполнет, делумно исполнет, не е исполнет), укажува на мерки за подобрување на состојбата (нема потреба, може да се предложат, има потреба од дополнителни мерки). На таков начин, во 2024 год. Советот изнел 28 поединечни мерки (на пр., Број на студенти кои реализираат пракса, Поканети предавања на наставници од странски универзитети, Организирање на работилници за развој на проактивни и иновативни методи за настава, Обнова на ИТ опрема, Претставување на можности за мобилност пред студентите итн.) при што некои се однесуваат само на по еден од индикаторите, а други се повторуваат и провлекуваат низ повеќе од нив. Од друга страна, кај некои од индикаторите се дава само една предлог-мерка, додека кај други се изнесуваат и повеќе такви. Од извештаите за реализација на ГАП по години може да се види дека најголем дел од мерките се целосно исполнети, при што некои

и надминуваат проектирани вредности, додека само мал број – претежно оние што се долгорочни или зависат од надворешни фактори – не се реализирани во целост или не се остварени (на пр., вработување на административен и лабораториски кадар).

Распоредот на нивно остварување се изнесува во ГАП, каде за секој од индикаторите за кои е проценето дека се делумно исполнети, покрај моменталниот статус и предлог-мерката, се дава крајната очекувана вредност, рокот за исполнување, надлежното тело за нејзина реализација и ресурсите, како и ниво на потенцијален ризик (ниско, средно, високо) и извор за истиот. ГАП се разгледуваат и усвојуваат во рамки на Наставно-научниот совет на годишно ниво, што во меѓувреме се оверува со извештај за степен на реализација. Одреден дел од заклучоците и препораките од претходните извештаи од самоевалуациите може да се сретнат во годишните програми за работа на факултетот и во програмите за избор на декан на факултетот.

Извештаите од сите досега спроведени самоевалуации на факултетот (од 2007 година) се објавени интернет-страницата на факултетот.

Прилози
Прилог 1.5. А. Записник од ННС за Разгледување и усвојување на Извештајот за самоевалуација за 2023/24
Прилог 1.5. Б. Годишен акциски план за 2024/25
Прилог 1.5. В. Извештај за реализација на ГАП 2024/25
Прилог 1.5. Г. Годишен акциски план за 2025/26
Прилог 1.5. Д. Записник од 558. Седница на ННС со усвоен ГАП за 2025-26
Прилог 1.5. Ѓ. Програма за работа на Деканот во мандатен период 2025-2028
Прилози 1.1. Ѓ., 1.1. Е. 1.4. Ѓ.

1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.

На факултетот не е спроведена надворешна евалуација во време на разгледуваниот извештаен период. Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (УКИМ) како целина во рамки на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), од кои последната е во 2017 година. Во заклучоците од нив се даваат насоки категоризирани во управување, култура на квалитет, настава и учење, истражување, во служба на општеството и интернационализација, по добар дел од кои Универзитетот, а со тоа и Градежниот факултет, постапуваат во изминатите години.

Во тек е Годишен план за надворешна евалуација за 2025/26 година објавен од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, но каде од технички науки нема факултети при УКиМ.

Прилози
/

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

СТАНДАРД 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
Индикатор	**Документација**
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	Акт во кој е регулирано прашањето;
Градежниот факултет Скопје (ГФ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има воспоставена нормативна и институционална рамка со која се уредуваат изработката, разгледувањето, усвојувањето, акредитацијата и реакредитацијата на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии. Постапките се спроведуваат во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива во областа на високото образование, актите на Универзитетот и интерните акти на Факултетот. Основата за подготовка на студиските програми ја обезбедува Правилникот за содржината на студиските програми, со кој се утврдуваат нивната структура и задолжителните елементи. На институционално ниво, надлежностите на органите и телата на ГФ се утврдени со Статутот на Градежниот факултет Скопје. Во рамките на своите надлежности, Наставно-научниот совет ги разгледува и усвојува предлозите поврзани со студиските програми, пред нивно понатамошно постапување во постапката за акредитација или реакредитација. Факултетот спроведува периодично преиспитување и усогласување на студиските програми преку постапките за акредитација и реакредитација. Документите и решенијата за акредитација на студиските програми се јавно достапни преку интернет-страницата на факултетот, со што се обезбедува транспарентен увид во акредитираните студиски програми од различните циклуси на студии. Практичната примена на воспоставената постапка во периодот опфатен со самоевалуацијата се потврдува преку повеќе конкретни активности. Во академската 2024/2025 година е изработен Елаборат за реакредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии по градежништво, а постапката е завршена во 2026 година со добивање решение за акредитација. Во академската 2025/2026 година е започната и постапката за реакредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии по геодезија и геоинформатика. Елаборатот е подготвен од Комисија за реакредитација формирана од Советот на докторските студии по геодезија и е усвоен на 570. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 16.7.2026 година. Дополнително, на 569. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 24.6.2026 година, е формирана Комисија за реакредитација на студиските програми од прв и втор циклус, со задача да го координира процесот на подготовка на елаборатите за реакредитација на постојните студиски програми. Со ова е започнат организиран процес за нивно навремено преиспитување и реакредитација, со вклучување на релевантните организациски единици и наставно-научниот кадар. На овој начин, нормативната рамка е проследена со функционална институционална постапка која се применува во практиката и ги опфаќа различните циклуси на студии. Врз основа на расположливата документација може да се констатира дека ГФ располага со соодветни акти, утврдени надлежности и воспоставени механизми за подготовка, разгледување, усвојување, акредитација и периодично преиспитување на студиските програми од прв, втор и трет циклус.	
Прилози Прилог 2.1. А. Правилник за содржината на студиските програми (Службен весник на РСМ бр.244/2023) Прилог 2.1. Б. Статут на Градежниот факултет Скопје (Универзитетски гласник 441/2019) Прилог 2.1. В. Правилник за систематизација на работните места – Градежен факултет Скопје (383/2017) Прилог 2.1. Г. Правилник за условите, критериуми, правилата и постапката за запишување и студирање на 1 и 2 циклус студии -УКИМ (417/2019) Прилог 2.1. Д. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на ГФ (622/2022) Прилог 2.1. Ѓ. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – УКИМ (530/2020) Прилог 2.1. Е. Упатство за реализација на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии-УКИМ (738/2025) Прилог 2.1. Ж. Решение за акредитација на студиската програма од трет циклус по Градежништво, изработен во 2024/2025 година Прилог 2.1. З. Одлука од ННС за усвојување на Елаборатот за реакредитација на студиската програма од трет циклус студии по Геодезија и геоинформатика, изработен во 2025/2026 година Прилог 2.1. S. Одлука за формирање на Комисија за реакредитација на студиските програми од прв и втор циклус на студии во 2026 година	
2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус,

опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Студиските програми на ГФ од прв, втор и трет циклус се структурирани така што нивните цели, содржини, предметни програми и очекувани исходи од учењето се меѓусебно поврзани и обезбедуваат постепено развивање на знаењата, вештините и компетенциите на студентите. Во рамките на секоја студиска програма се дефинирани предметите, нивната содржина, работното оптоварување, начините на реализација и проверка на знаењето, како и очекуваните резултати од учењето. Добрата осмисленост и јасниот опис на студиските програми се поткрепени со усогласеноста меѓу поставените цели, општите и специфичните дескриптори, предметните содржини, ЕКТС-оптоварувањето, наставните активности и начините на оценување, како и со постепеното надоврзување на знаењата. На пример, од предметот „Статика“, преку „Јакост на материјалите“ и „Линиски системи“, до нивната примена во „Армиран бетон“ и „Основи на челични конструкции“, се врши поврзување на основните принципи на рамнотежа, поимите за напрегања и деформации со анализа и димензионирање на конструктивните елементи и системи. Оваа поврзаност овозможува постепено формирање јасно определен и компетентен професионален и истражувачки профил кој се стекнува со фундаментални знаења и практични инженерски вештини на првиот циклус, се оспособува за специфични анализи и решавање сложени проблеми на вториот, односно за самостојно истражување и оригинален научен придонес на третиот циклус на студии.

На првиот циклус на студии се обезбедува широка основа од математичките, природните, техничките и стручните дисциплини, која постепено се надградува со специјализирани знаења од областа на градежништвото, геодезијата и геоинформатиката и геотехничкото инженерство. Покрај теоретските знаења, студентите развиваат практични инженерски вештини преку вежби, програмски и проектни задачи, лабораториски и теренски активности, примена на современи софтверски алатки и решавање конкретни инженерски проблеми. На овој начин студентите стекнуваат основни професионални компетенции, но и соодветна академска основа за продолжување на образованието на втор циклус.

Студиските програми од втор циклус претставуваат логично продолжување и продлабочување на знаењата стекнати на првиот циклус. Наставните содржини се насочени кон специјализација во избраната област, интегрирање на знаења од повеќе дисциплини и решавање посложени инженерски и истражувачки проблеми. Студентите се оспособуваат за самостојна анализа, критичка проценка на проектантски и технички решенија, примена на современи аналитички и нумерички методи, како и за самостојна проектна и научноистражувачка работа.

На третиот циклус на студии образовниот процес е насочен кон развивање напредни научноистражувачки компетенции и способност за самостојно создавање и примена на нови знаења. Структурата на докторските студии вклучува предметна настава, истражувачки активности, подготовка и реализација на научноистражувачки проект, публикување и презентирање научни резултати и изработка на докторска дисертација. Со тоа се обезбедува јасна вертикална надградба од стекнување и примена на фундаментални и стручни знаења на првиот циклус, преку нивно продлабочување и интегрирање на вториот циклус, до самостојно истражување и оригинален научен придонес на третиот циклус.

Во предметните програми целите и исходите од учењето се поврзани со соодветни наставни активности и начини на вреднување. Во зависност од природата на предметот, студентите ги демонстрираат постигнатите резултати преку писмени и усни проверки, програмски и проектни задачи, лабораториска и теренска работа, презентации, семинарски работи и други форми на практична и самостојна работа. На тој начин, содржината и начинот на реализација на предметите се насочени кон постигнување на предвидените исходи од учењето.

Главните исходи од учењето опфаќаат стекнување и примена на стручни знаења, анализа и решавање инженерски проблеми, аргументирана проценка, комуникација и самостојно усовршување. На I циклус по градежништво се предвидуваат основи на пресметување и димензионирање, користење инженерски алатки и интерпретација на теренски и лабораториски резултати; кај геодезија и геоинформатика се оспособуваат за прибирање, обработка и визуелизација на просторни податоци; а кај геотехничко инженерство се стекнуваат со познавање на условите на теренот и решавање поедноставни геотехнички проблеми. На II циклус овие компетенции се продлабочуваат преку анализа и проектирање конструкции, планирање, проектирање и вреднување на транспортната инфраструктура, хидротехнички анализи и управување со водни ресурси, напредни геодетски мерења и самостојно решавање сложени геотехнички проблеми. На III циклус по градежништво и по геодезија се предвидуваат независно формулирање научни прашања, спроведување истражување и создавање оригинален научен придонес.

Конкретен пример за добра практика во поврзувањето на исходите со наставата е геодетската теренска пракса која се реализира во рамки на предметите Геодетска пракса 1 и Геодетска пракса 2, на I циклус студии по геодезија и

геоинформатика. Предметот Геодетска пракса 1 предвидува 90 часа теренска настава со користење инструменти, мерења, изработка на нивелман и геодетски пресметки, при што теренскиот ангажман и изработката на елаборат соодветно се вреднуваат. Предметот Геодетска пракса 2 ја надградува оваа основа со снимање и обележување инфраструктурни објекти, разработка на геодетски мрежи и пресметување земјани маси. Изработката на предвидениот елаборат со мерни податоци, пресметки и графички прилози овозможува проверка на практичната примена и интерпретацијата на знаењето.

Преносливите вештини се развиваат преку конкретни наставни активности: тимските проектни задачи ја поттикнуваат соработката и поделбата на одговорности, презентациите и јавните одбрани ја развиваат стручната комуникација и аргументирањето, а самостојната работа со инженерски софтверски алатки ги надградува дигиталните и аналитичките компетенции.

Врз основа на содржината и структурата на акредитираните студиски и предметни програми може да се констатира дека програмите од прв, втор и трет циклус се конципирани како поврзан и прогресивен образовен систем. Целите, содржините, исходите од учењето, наставните активности и начините на вреднување овозможуваат постепено стекнување и надградување на академските, професионалните и преносливите компетенции потребни за понатамошно образование, професионална работа и научноистражувачки развој.

Прилози

Прилог 2.2. А. Студиска програма прв циклус студии по градежништво
Прилог 2.2. Б. Студиска програма прв циклус студии по геодезија и геоинформатика
Прилог 2.2. В. Студиска програма прв циклус студии по геотехничко инженерство
Прилог 2.2. Г. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - конструкции
Прилог 2.2. Д. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - транспортна инфраструктура
Прилог 2.2. Ѓ. Студиска програма втор циклус студии по градежништво - хидротехника
Прилог 2.2. Е. Студиска програма втор циклус студии по геодезија
Прилог 2.2. Ж. Студиска програма втор циклус студии по геотехничко инженерство
Прилог 2.2. З. Студиска програма трет циклус студии по градежништво
Прилог 2.2. S. Студиска програма трет циклус студии по геодезија
Прилог 2.2. И. Опис на утврдените исходи од учењето за сите студиски програми

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Студиските програми на ГФ се развиваат во согласност со актуелните и долгорочните потреби на општеството и економијата за високообразовани и професионално компетентни кадри од областа на градежништвото, геодезијата и геоинформатиката и геотехничкото инженерство. Овие области имаат непосредно значење за развојот на инфраструктурата, транспортот, енергетиката, урбаната средина, управувањето со водните ресурси, заштитата на животната средина и безбедноста и одржливоста на изградената средина.

Потребата од компетентен инженерски кадар се поткрепува преку обемот на градежни активности во државата во изминатиот период. Според годишните соопштенија на Државниот завод за статистика, објавени во учебните 2024/25 и 2025/26 години, деловните субјекти во 2024 година извршиле градежни работи во вредност од 39,8 милијарди денари, со градежни активности на 2.641 објект, а во 2025 година во вредност од 44,5 милијарди денари, со активности на 1.852 објекти. Овие показатели го илустрираат обемот на професионалните задачи поврзани со планирање, проектирање, изведба, надзор и контрола на квалитетот, за кои се потребни компетенции од областите што ги опфаќаат студиските програми на ГФ. Студиските програми одговараат на овие потреби преку формирање конкретни професионални профили: Градежништво и Градежништво — конструкции обезбедуваат знаења за анализа, димензионирање и градба на објекти; Транспортна инфраструктура — за планирање, проектирање и одржување патишта и железници; Хидротехника — за водоснабдување, канализација, хидротехнички објекти и управување со водни ресурси; Геодезија и геоинформатика — за мерење, обележување, просторни податоци и катастар; а Геотехничко инженерство — за истражување на теренот, фундирање и проценка на стабилноста. На тој начин, релевантноста на програмите се согледува преку поврзаноста на нивните утврдени компетенции со конкретните задачи на градежниот и инфраструктурниот развој.

Релевантноста на студиските програми се обезбедува преку нивно континуирано усогласување со развојот на науката и инженерската практика, технолошките промени и измените во техничката регулатива. При подготовката и реакредитацијата на студиските програми се земаат предвид современите инженерски методи и технологии, вклучително дигитални алатки за анализа и проектирање, BIM, геоинформациски системи, современи методи за геодетско мерење и обработка на просторни податоци, напредни материјали и конструкции, заштита на природата, како и аспектите на одржливото и енергетски ефикасното градење.

Посебно значење има усогласувањето на наставните содржини со развојот на инженерската регулатива и примената на еврокодовите и други релевантни меѓународни и национални стандарди. Со тоа студентите се подготвуваат за работа во современа професионална средина и стекнуваат знаења применливи во проектирањето, изведбата, надзорот, управувањето, одржувањето и санацијата на градежни и инфраструктурни објекти.

Значаен механизам за следење на развојните потреби претставува соработката на ГФ со деловната и професионалната заедница: компании, јавни институции, професионални организации и други субјекти од

релевантните области, преку стручни и научни конференции и симпозиуми, гостински предавања, практична настава, стручни посети, студентски активности и други форми на поврзување со професионалната практика. На тој начин се обезбедуваат информации за актуелните потреби за знаења, вештини и професионални компетенции и се создава основа за нивно вклучување во развојот и унапредувањето на студиските програми.

Институционализирана форма на комуникација со релевантните чинители претставува и Одборот за соработка и доверба со јавноста на Градежниот факултет. Мислењата и препораките на претставниците од професионалната и пошироката јавност се земаат предвид при разгледувањето на релевантноста и развојот на студиските програми.

Поврзаноста на студиските програми со развојните потреби се согледува и преку националните стратешки приоритети утврдени во Националната развојна стратегија 2024–2044 и Стратегијата за човечки капитал на Република Северна Македонија 2024–2030. Националната развојна стратегија го определува развојот на човечкиот капитал како предуслов за напредок, а меѓу нејзините цели ги издвојува капиталната инфраструктура, конкурентната економија и зелената трансформација. Стратегијата за човечки капитал го нагласува значењето на квалитетното образование, развојот на вештините и подобрувањето на продуктивноста во услови на демографски промени и иселување на квалификувана работна сила. Овие приоритети ја поткрепуваат релевантноста на студиските програми на ГФ за образување инженери со компетенции за планирање, проектирање, изградба и одржување инфраструктура, одржливо користење на ресурсите и примена на современи инженерски технологии.

Современите развојни предизвици, утврдени преку согледување на приоритетите во националните стратешки документи, современите научни сознанија, потребата од воведување на европските стандарди за проектирање - Еврокодовите, како и инженерските проблеми што се обработуваат во научноистражувачката и апликативната работа на Факултетот дополнително влијаат врз профилот на потребните инженерски компетенции. Националната развојна стратегија 2024–2044 ги издвојува зелената трансформација, дигитализацијата и отпорната инфраструктура како приоритети за развој, а нивното разгледување во контекст на инженерската практика овозможува да се препознаат потребите за енергетски ефикасно и одржливо градење, управување со природните ризици и примена на дигитални технологии. Овие потреби се поврзуваат со компетенциите и наставните содржини од областа на одржливото градење, BIM, современите материјали, управувањето и оскултацијата на инфраструктурата, геоинформатичките технологии, сеизмичкото инженерство и геотехничките ризици.

Врз основа на наведеното може да се констатира дека студиските програми на Градежниот факултет се релевантни за актуелните и идните развојни потреби на општеството и економијата. Нивната релевантност се обезбедува преку поврзаноста со професионалната практика, следењето на научниот и технолошкиот развој, современата инженерска регулатива, националните развојни приоритети и континуираната комуникација со релевантните носители на интереси.

Прилози
Прилог 2.3. А. Нацрт-национална развојна стратегија 2024-2044
Прилог 2.3. Б. Предмети на втор циклус на студии градежништво К - постојни во 2018
Прилог 2.3. В. Предмети на втор циклус на студии градежништво К - иновирани во 2023

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

Студиските програми на ГФ се изработуваат, преиспитуваат и унапредуваат со земање предвид на мислењата и потребите на релевантните носители на интереси. Во процесот се вклучуваат наставниот и соработничкиот кадар, студентите, претставници на професионалната и деловната заедница, јавни институции, професионални комори и здруженија, како и други организации поврзани со областите на градежништвото, геодезијата и геотехниката.

Мислењата на студентите претставуваат еден од изворите на информации за квалитетот и релевантноста на студиските програми и наставниот процес. Тие се прибираат преку студентски анкети и непосредна комуникација со наставниот кадар и со органите на факултетот. Добиените информации овозможуваат согледување на задоволството од содржината и организацијата на студиите, практичната применливост на стекнатите знаења и потребата од унапредување на определени наставни содржини и начини на реализација.

Во процесот на ревидирање на студиските програми се земаат предвид и потребите и мислењата на деловната и професионалната заедница. Комуникацијата со градежни компании, јавни претпријатија, државни институции, професионални комори и стручни здруженија обезбедува информации за промените во професионалната практика, развојот на нови технологии и софтверски алатки, современите стандарди и прописи и компетенциите што се очекуваат од идните инженери.

Посебно значаен институционален механизам претставува Одборот за соработка и доверба со јавноста на ГФ. Преку неговата работа се обезбедува организирана комуникација со претставници на професионалната и пошироката јавност, а нивните мислења и препораки се земаат предвид при разгледувањето на релевантноста и развојот на студиските програми

При ревидирањето на студиските програми се следат и современите образовни и професионални трендови, преку

споредба со сродни студиски програми, релевантни професионални стандарди, современи научни сознанија и европски и меѓународни регулативи. На тој начин процесот на ревизија не се ограничува само на тековните потреби на пазарот на труд, туку овозможува и навремено воведување на нови знаења, технологии и компетенции.

При последните постапки за акредитација, релевантните информации од академската и професионалната средина се користат при осовременување на наставните содржини, воведување или редефинирање на предмети, унапредување на изборноста и усогласување на стекнатите компетенции со современите потреби на професијата. Посебно внимание се посветува на дигитализацијата на инженерската практика, примената на BIM и современи инженерски софтвери, одржливото и енергетски ефикасното градење, современите материјали и технологии, управувањето со инфраструктурата, климатските промени и отпорноста на инфраструктурните системи.

Со тоа, ГФ обезбедува процес на континуирано преиспитување и унапредување на студиските програми со вклучување на релевантните носители на интереси, со цел да се зачува нивната актуелност и да се спречи застарување на наставните содржини. Процесот придонесува кон создавање образовна средина во која студентите стекнуваат знаења и вештини релевантни за понатамошно образование, вработување и професионален развој.

Како можност за понатамошно унапредување се идентификува потребата од поголема формализација и систематско документирање на прибраните мислења и предлози од студентите, алумните и другите носители на интереси, како и на начинот на кој овие информации се анализираат и се користат при измените на студиските програми. Во таа насока, воспоставувањето единствена процедура за периодично прибирање, анализа и документирање на повратните информации би придонело кон уште поголема следливост и транспарентност на процесот на ревизија.

Прилози
Прилог 2.4. А. Одлука за формирање на Одбор за соработка и доверба со јавноста
Прилог 2.4. Б. Мислења на Одбор за соработка и доверба со јавноста
Прилог 2.4. В. Извештај од студентска анкета за 2024-25 година
Прилог 2.4. Г. Извештај од студентска анкета за 2025-26 година
Прилог 2.3. Б. и прилог 2.3. В.

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните две години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.

Студиските програми на ГФ од I, II и III циклус се развиваат и унапредуваат со користење релевантни домашни и меѓународни референци, современи научни и стручни сознанија и искуства од сродни високообразовни и професионални средини. При нивното креирање и ревидирање се земаат предвид развојот на инженерската практика, научните достигнувања, меѓународните стандарди и современите тенденции во високото образование.

Значаен извор на надворешни референци претставуваат студиските и предметните програми на сродни универзитети и високообразовни институции од Европа и пошироко. Како референтни примери се користат програми од областа на градежното инженерство, геодезијата и геотехничкото инженерство, при што се согледуваат структурата на студиите, застапеноста на фундаменталните и специјализираните инженерски дисциплини, изборноста, практичната компонента и примената на современи инженерски методи и технологии. Усогласеноста со избраните странски програми се согледува преку споредливоста на структурата на студиите, клучните инженерски области и компетенциите што се развиваат. На пример, магистерските програми по градежништво на Универзитетот во Љубљана, ETH Zürich и Градежниот факултет во Белград се организирани во четири семестри со 120 ECTC, како и програмите од втор циклус на ГФ. Во нив се застапени областите конструкции, транспортна инфраструктура, хидротехника и геотехника, кои на ГФ се реализираат преку соодветни посебни студиски програми. Споредлив е и пристапот на продлабочување на знаењата од првиот циклус преку специјализирани содржини, проектна работа и магистерски труд, а програмата во Љубљана експлицитно вклучува и практична обука. Содржинската споредливост може да се прикаже и преку конкретни предметни области. Специјализацијата Structural Engineering на ETH Zürich опфаќа бетонски, челични и дрвени конструкции, конструктивна механика и проверка на безбедноста при земјотрес и пожар. На ГФ овие области се застапени преку „Армиранобетонски згради“, „Челични конструкции на згради“, „Дрвени конструкции“, „Метод на конечни елементи“, „Земјотресно инженерство“, „Однесување на конструкции на земјотрес“ и „Пожарна отпорност на конструкции“. Во областа на хидротехниката, ETH ги издвојува водоснабдувањето, наводнувањето, хидроенергијата и заштитата од поплави, на кои на ГФ соодветствуваат содржините во „Водоснабдителни системи“, „Системи за наводнување“, „Основи на хидроенергетика“ и „Уредување на водотеци“. Овие совпаѓања покажуваат застапеност на сродни стручни области и инженерски задачи.

Дополнителна референтна основа претставуваат релевантни меѓународни професионални документи и препораки за развојот на инженерите. Во оваа насока, како пример може да се наведе Civil Engineering Body of Knowledge: Preparing the Future Civil Engineer на American Society of Civil Engineers, кој претставува меѓународно признаена

рамка за знаења, вештини и професионални компетенции што се очекуваат од современ градежен инженер. Содржинската усогласеност со нејзините клучни образовни области се согледува преку предметите „Математика 1“, „Математика 2“, „Статика“, „Јакост на материјалите“, „Механика на флуиди“ и „Градежни материјали“, кои обезбедуваат математичка, механичка и материјална основа, како и преку лабораториските вежби и обработката на резултатите, соодветни на областа експериментални методи и анализа на податоци. Областите инженерско проектирање, одржливост, комуникација и тимска работа се застапени преку предметите за анализа, димензионирање и проектирање конструкции, проектните задачи со тимска изработка, презентација и одбрана, со што се поврзуваат техничките знаења со професионалните компетенции предвидени во рамката.

Надворешната експертиза се обезбедува и преку учество на странски и домашни професори, истражувачи и експерти од инженерската практика во наставни, научни и стручни активности на факултетот. Нивното учество овозможува студентите и наставниот кадар да се запознаат со современи инженерски пристапи, технологии, методи на анализа и проектирање и актуелни професионални предизвици.

Меѓународната ориентација на студиските програми се одразува и во нивната содржина. Во наставата се застапуваат современи софтверски алатки за анализа и проектирање, BIM и дигитални технологии, методи за мерење и мониторинг, геоинформациски системи, напредни материјали и конструкции, заштита на животна средина, одржливо и енергетски ефикасно градење, управување со ризици и други области релевантни за инженерската професија.

Посебно значајна е поврзаноста на наставните содржини со европската инженерска регулатива. Примената на еврокодовите и другите релевантни европски и меѓународни стандарди придонесува стекнатите знаења и професионални компетенции да бидат усогласени со современата инженерска практика и со барањата на европскиот професионален простор. Поврзаноста со европската техничка регулатива е конкретно застапена преку Еврокод 1 (EN 1991) во предметот Дејства на конструкции, Еврокод 2 (EN 1992) во Армиран бетон, Армиранобетонски згради, Претходно напрегнат бетон и Армиранобетонски мостови, Еврокод 3 (EN 1993) во Основи на челични конструкции, Челични конструкции на згради и Челични мостови, Еврокод 7 (EN 1997) во Механика на почви, Фундирање (1 и 2), Геотехнички истражувања, Свлечишта и стабилизација на косини и др., и Еврокод 8 (EN 1998) во Земјотресно инженерство и Однесување на конструкции на земјотрес. Преку обработката на овие правила и нивната примена во пресметковни и проектни задачи, студентите стекнуваат компетенции за определување дејства, димензионирање и проверка на носивоста, употребливоста и сеизмичката сигурност на објектите според заедничката европска рамка за инженерско проектирање.

Во предметните програми, покрај домашните учебници и авторизираните предавања, како дел од основната — задолжителна литература се предвидени и странски научни и стручни изданија. Конкретни примери се Dynamics of Structures — Theory and Applications to Earthquake Engineering од A. K. Chopra (2011, превод на македонски) во „Динамика на конструкции“, Fundamentals of Earthquake Engineering од A. S. Elnashai и L. Di Sarno (2015) во „Однесување на конструкции на земјотрес“, BIM Handbook од R. Sacks и коавторите (2018) во „Информациско моделирање на градби“, „Principles of geotechnical engineering“ од Б. Дас (2011, превод на македонски) во „Механика на почви“, Water Resource Systems Planning and Management од D. P. Loucks и E. van Beek (2017) во „Симулационо моделирање на хидросистеми“ и др.

Воедно, во наставата се вклучуваат и професори и истражувачи од реномирани странски универзитети и институти, кои преку наменски одвоени термини во наставата изнесуваат наоди од тековни истражувања. Така, во извештајниот период регистрирани се преку 20 предавања од гости од десетина земји во Европа (Германија, Италија, Турција, Србија, Словенија, Грција, Словачка, Велика Британија, Португалија, Норвешка) реализирани во наставата по различни предмети од I и II циклус на студии.

Прилози

Прилог 2.5. А. Предметни програми за Градежништво (1 циклус)
Прилог 2.5. Б. Предметни програми за Геодезија и геоинформатика (1 циклус)
Прилог 2.5. В. Предметни програми за Геотехничко инженерство (1 циклус)
Прилог 2.5. Г. Предметни програми за Градежништво-Конструкции (2 циклус)
Прилог 2.5. Д. Предметни програми за Градежништво-Транспортна инфраструктура (2 циклус)
Прилог 2.5. Ѓ. Предметни програми за Градежништво-Хидротехника (2 циклус)
Прилог 2.5. Е. Предметни програми за Геодезија (2 циклус)
Прилог 2.5. Ж. Предметни програми за Геотехничко инженерство (2 циклус)
Прилог 2.5. З. Листа на надворешни/странски наставници или експерти вклучени во наставни, гостински, научни или стручни активности поврзани со студиските програми во последните две години
Прилог 2.5. S. Пример за вклучување на експерт од пракса и гостин-професор од странство во настава

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и

овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните две години за сите студиски програми.

Студиските програми на Градежниот факултет Скопје го дефинираат очекуваниот работен ангажман на студентите преку обемот на директната настава, вежбите, самостојната работа, подготовката и реализацијата на програмски и проектни задачи, лабораториските и теренските активности, подготовката за проверка на знаењето и другите активности предвидени со предметните програми. Вкупното студентско оптоварување е изразено преку Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС), при што ЕКТС-кредитите овозможуваат споредлив приказ на обемот на работа потребен за постигнување на предвидените исходи од учењето.

Во студиските и предметните програми од прв и втор циклус, покрај теоретската настава, се предвидуваат различни форми на практична работа соодветни на природата на студиската област. Тие вклучуваат лабораториски и теренски вежби, решавање конкретни инженерски задачи, работа со специјализирана мерна и лабораториска опрема, примена на современи инженерски софтвери, посети на градилишта и инфраструктурни објекти, како и практична работа во компании и други релевантни институции.

Посебна форма на надворешна активност претставува стручната пракса, преку која студентите ги применуваат стекнатите знаења во реална професионална средина. Практичната работа се реализира во градежни, проектантски, консултантски и геодетски компании, јавни институции и други организации релевантни за соодветната студиска програма. На овој начин студентите се запознаваат со организацијата на реалниот работен процес, инженерската документација, примената на техничките стандарди и прописи, современите технологии и професионалните одговорности на инженерот. На студиската програма по градежништво од 1 циклус, во учебната 2024/2025 година пракса во градежни компании реализирале 47 студенти (Прилог 2.6.Д). Слична е бројката на студенти и во учебната 2025/2026 година, имајќи предвид дека праксата во градежни компании е воведена како задолжителна активност при изработка на дипломска работа на студентите од прв циклус на студии. Пред започнување на реализација на праксата, студентот, компанијата и факултетот склучуваат договор за реализација на пракса (Прилог 2.6.Б), додека после нејзината реализација компанијата им издава на студентите Потврда за извршена пракса (Прилог 2.6.В).

Покрај формално организираната стручна пракса, во рамките на определени предмети се реализираат теренска настава, стручни посети и други активности надвор од просториите на ГФ. Во зависност од наставната област, овие активности може да опфатат посети на градилишта, лаборатории, производни капацитети, инфраструктурни објекти и стручни организации. Нивната цел е непосредно поврзување на теоретските содржини со реални инженерски проблеми и развивање практични и професионални компетенции.

Практичната компонента е дополнета со проектно ориентирана и самостојна работа, преку која студентите решаваат конкретни инженерски задачи и применуваат методи за анализа, проектирање, моделирање и обработка на податоци. Во зависност од студиската програма, во наставата се користат современи инженерски софтвери, BIM технологии, геодетски и GIS алатки, лабораториски методи и други дигитални технологии.

Студентите имаат можност да учествуваат и во дополнителни стручни и научни активности, како гостински предавања, работилници, семинари, конференции, студентски натпревари и активности организирани во соработка со компании и професионални организации. Овие активности ја надополнуваат формалната настава и овозможуваат дополнително развивање на комуникациски, тимски, организациски и други преносливи вештини.

Кај студиите од трет циклус, работниот ангажман е приспособен на научноистражувачката природа на докторските студии. Покрај предметните активности, докторандите се вклучуваат во истражувачка работа, подготовка и обработка на научни резултати, изработка на научни трудови, презентација на резултатите на научни собири и други активности предвидени со структурата на докторските студии.

Реализацијата на предвидените наставни и практични активности се следи преку предметните програми, распоредите и евиденцијата за реализација на наставата, документацијата за практична и теренска работа и другите механизми за следење на наставниот процес. На тој начин се обезбедува усогласување на предвиденото студентско оптоварување со наставните активности и со очекуваните резултати од учењето. На пример, реализацијата на стручната пракса се документира преку изработка на извештај (дневник) од практичната работа (Прилог 2.6.Г) и потврда за извршена пракса од компанијата или институцијата во која таа е реализирана, присуството на предавања се евидентира од страна на предметните наставници, додека реализацијата на домашните задачи и проектните активности се следи и оценува од страна на соработниците и предметните наставници.

Врз основа на структурата на студиските и предметните програми може да се констатира дека студентското оптоварување е организирано така што се обезбедува соодветен однос меѓу теоретската настава, практичната работа, самостојното учење и активностите надвор од факултетот, со цел студентите да стекнат академски и практични компетенции потребни за понатамошно образование и професионално ангажирање. Како конкретен пример може да се наведе предметот „Јакост на материјалите“, за кој во учебната 2025/26 година на студентите им е предложена распределба на вкупното оптоварување од 210 часа (7 ЕКТС) на 45 часа предавања, 45 часа вежби, 18 часа домашни задачи, 32 часа континуирано учење и тестови и 70 часа подготовка за завршниот испит

(Прилог 2.6.А). Со ова се прикажува односот меѓу непосредната настава и самостојната работа, како и временската распределба на обврските — 140 часа во текот на семестарот и 70 часа во испитната сесија — што им овозможува на студентите да ја планираат подготовката согласно предвиденото оптоварување.

Прилози
Прилог 2.6. А. Пример за организација на расположивото време на студентите во согласност со ЕКТС кредитите
Прилог 2.6. Б. Пример за договор со компании, за реализација на практична настава-шаблон
Прилог 2.6. В. Потврда за извршена пракса-шаблон
Прилог 2.6. Г. Пример на извештај (дневник) од реализирана практична настава
Прилог 2.6. Д. Листа на студенти и склучени договори со компании за реализација на практична настава на 1 циклус во учебната 2024-25
Прилог 2.6. Ѓ. Пример за вклучување на теренска настава и експерти од пракса во предметен програм
Прилог 2.6. Е. Пример за вклучување на лабораториски вежби во предметен програм

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.

Градежниот факултет Скопје обезбедува јавна достапност на релевантните информации за студиските програми од прв, втор и трет циклус преку официјалната веб-страница на ГФ. На овој начин студентите, кандидатите за запишување, академската заедница, работодавачите и другите заинтересирани страни имаат пристап до информации за можностите за студирање, структурата и содржината на студиските програми.

На веб-страницата се објавуваат информации за студиските програми, условите и постапките за запишување, предметите и нивната организација, како и други информации поврзани со реализацијата на студиите. За студиските програми од прв, втор и трет циклус се обезбедени посебни веб-секции преку кои се достапни релевантните програмски и организациски информации.

Објавените информации се засноваат на официјално усвоените и акредитирани студиски програми и на релевантната документација што се користи при реализацијата на наставно-образовниот процес. При измена, акредитација или реакредитација на студиските програми, информациите на веб-страницата се ажурираат во согласност со актуелната состојба и одлуките на надлежните органи на ГФ и Универзитетот.

Посебно се објавуваат информации од непосредно значење за студентите, како што се студиските програми и предметите, организацијата и распоредот на наставата, условите и роковите за запишување и полагање и други информации поврзани со текот на студирањето. Со тоа официјалната веб-страница претставува основен јавен канал за информирање за студиските програми и нивната реализација.

Информациите за студиските програми се објавуваат на македонски јазик, односно на јазикот на кој се реализира наставата. Дополнително, определени информации се достапни и на англиски јазик, во согласност со потребите на меѓународната академска комуникација и мобилност.

Врз основа на јавно достапните податоци може да се констатира дека ГФ обезбедува транспарентен и организиран пристап до информациите за студиските програми, при што објавените податоци се поврзани со официјалната програмска и институционална документација и се достапни на јазикот на кој се реализира наставата.

Прилози
/

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните две години со информации за природата на измената, причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

ГФ континуирано го следи реализирањето на студиските програми и периодично ги преиспитува нивната содржина, структура и организација, во согласност со важечката регулатива и постапките за акредитација и реакредитација. Целта на овој процес е да се обезбеди студиските програми да ги постигнуваат поставените образовни цели, да останат актуелни во однос на развојот на науката и инженерската професија и да одговараат на потребите на студентите и поширокаата општествена и професионална средина.

Следењето на реализацијата на наставата се спроведува преку повеќе механизми, меѓу кои евиденцијата за реализација на наставата, анализата на студентските резултати и статистичките показатели, студентските анкети, работата на наставно-научните и други релевантни тела, како и повратните информации добиени од наставниот кадар и надворешните носители на интереси. Овие информации се користат за согледување на потребите од унапредување на наставните содржини, организацијата и методите на реализација на наставата.

Периодичната ревизија на студиските програми се реализира преку формалните постапки за реакредитација. Во

рамките на овие постапки се преиспитуваат структурата на програмите, содржината на предметите, изборноста, распределбата на ЕКТС-кредитите, современоста на наставните содржини и нивната усогласеност со научниот, технолошкиот и професионалниот развој. Измените се разгледуваат и усвојуваат преку надлежните академски тела на факултетот и Универзитетот, согласно утврдените институционални процедури.

Во периодот опфатен со самоевалуацијата процесот на ревизија е видлив и преку активностите за реакредитација на студиските програми. На трет циклус е реализирана постапка за реакредитација на докторските студии по градежништво, започната е реакредитација на докторските студии по геодезија и геоинформатика, а во 2026 година е формирана Комисија за реакредитација на студиските програми од прв и втор циклус. При реакредитацијата на докторските студии по градежништво е ревидирана и дополнета понудата на изборни предмети. Измените се насочени кон потребите за управување со природни ризици, климатска адаптација, одржливи инженерски решенија и современи методи за анализа и одржување на инфраструктурата, со цел унапредување на истражувачките компетенции на докторандите во овие области. Дополнително се прецизирани барањата за објавување на научните резултати: еден труд во списание со фактор на влијание (Web of Science) и еден труд во списание или зборник од конференција организирана од меѓународна асоцијација. Прецизирано е и активното учество на меѓународен собир, преку објавување труд како прв автор и негова усна или постер презентација. Со ова се поставуваат појасни критериуми за проверка на истражувачките резултати и се поддржуваат нивната меѓународна видливост и научната комуникација. Овие активности претставуваат конкретна примена на воспоставениот механизам за периодично преиспитување и унапредување на студиските програми.

При ревидирањето на програмите се земаат предвид современите научни и технолошки достигнувања, развојот на инженерската практика и професионалната регулатива, како и новите образовни и општествени потреби. Во таа насока се следат области како дигитализација, современи софтверски алатки, решенија инспирирани од природа, одржливо и енергетски ефикасно градење, современи материјали и технологии, управување со ризици, климатски промени, отпорност на инфраструктура, геоинформатички технологии и други современи инженерски дисциплини. Во споредба со претходниот елаборат, понудата на изборни предмети е дополнета со предметите „Управување со ризик од природни непогоди“, „Биоинженерство на почви“, „Мостовска хидраулика“, „Климатски промени и нивно влијание на водните ресурси“, „Напредни методи за мониторинг и одржување на железничкиот горен строј“, „Современи пристапи за анализа на тунели и подземни објекти“, „Одводнување на патишта“ и „Геотехнички модели на терен“.

За усвоените и акредитираните студиски програми и релевантните измени се обезбедува информирање преку официјалната веб-страница на Факултетот и преку редовните институционални канали за комуникација со студентите и наставниот кадар. По завршувањето на формалните постапки, актуелните информации за студиските програми се стават на располагање на студентите, кандидатите за запишување и другите заинтересирани страни.

Врз основа на наведеното може да се констатира дека на Градежниот факултет е воспоставен процес во кој следењето на наставата и релевантните показатели претставуваат основа за идентификување на потребите за унапредување, а периодичната ревизија и реакредитација овозможуваат нивно вградување во развојот на студиските програми. На овој начин се обезбедува континуирано приспособување на програмите кон развојот на науката и инженерската професија, потребите на студентите и пошироката општествена средина.

Прилози
Прилог 2.8.А. Одлуки/акти за реакредитација – дадени во индикатор 2.1
Прилог 2.8.Б. – прилози 2.4.В, 2.4.Г, 2.5.S, 2.6. Ѓ
Прилог 2.8.В. Линк до актуелно објавените студиски програми – дадени во индикатор 2.7
Прилог 2.8.Г. Пример за организирање на настава по предмет во 2025 год.
Прилог 2.8.Д. Пример за организирање на настава по предметот во 2026 год. после барање на студенти изразено во анкети за редуцирање на број на тестови
Прилог 2.8.Ѓ. Елаборат од докторски студии акредитирани до 2026 година
Прилог 2.8.Е. Елаборат од докторски студии акредитирани од 2026 година, со внесени иновации

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните две години.

ГФ континуирано прибира, води и обработува статистички податоци поврзани со реализацијата на студиските програми и напредувањето на студентите. Податоците опфаќаат број на запишани и активни студенти, број и оптовареност на предметите, број на положени студенти, просечни оценки по предмети, како и податоци за студентите кои го прекинале или напуштиле студирањето и причините за тоа. Статистичките податоци се прибираат и обработуваат преку студентската евиденција и активностите на Студентската служба и продеканот за настава, и претставуваат основа за следење на состојбите во наставно-образовниот процес. Преку нив може да се согледуваат движењата во бројот на студенти, оптовареноста на одделните предмети, успешноста при полагањето, просечните оценки и интересот за одделните студиски програми. Во учебната 2024/2025 година на прв циклус се евидентирани вкупно 3.073 запишувања на предмети во зимскиот и летниот семестар, а во 2025/2026 година 3.102; на втор циклус соодветните броеви се 959 и 1.005, што претставува благ пораст на бројот на запишани студенти по предмети. Овие показатели претставуваат збир на запишувањата по предмети, при што еден студент се евидентира кај повеќе предмети. Како конкретни примери, бројот на студенти по предметот

„Математика 1“ (ГР-З-111) се зголемил од 119 на 159, по „Статика“ (ГР-З-112) од 111 на 148, а по „Динамика на конструкции“ (ГР-К-З-111) на втор циклус од 23 на 30. Се следат и проодноста и просечните оценки по предмети. Според расположливиот статистички извештај, предметот „Јакост на материјалите“ (ГР-З-231-У), кој се слушал во зимскиот семестар 2024/2025 го положиле 25 од 27 запишани студенти, односно 92,59%, со просечна оценка 7,96; за зимскиот семестар 2025/2026 се евидентирани 26 положувања од 40 запишани студенти, односно 65%, со просечна оценка 7,27.

Посебно значење има следењето на бројот на студентите кои го прекинуваат или напуштаат студирањето и причините за тоа. Овие информации овозможуваат подобро согледување на проодноста на студиските програми и на можните фактори кои влијаат врз текот и успешноста на студирањето. Податоците се собираат при поднесување на барањето за напуштање на студиите кое се поднесува од страна на студентите, како и преку анализа на податоците од студентското досие. Во периодот 1.10.2024–30.9.2025 се регистрирани 47 испишувања, а од 1.10.2025 до последниот евидентиран датум, 17.8.2026, се регистрирани 28. Причината е означена како „непознато“ кај 38, односно 23 студенти. Анализата на забелешките во студентската евиденција покажува дека дел од формалните испишувања се однесуваат на студенти кои престанале активно да студираат повеќе години претходно. Во учебната 2024/2025 година, кај 12 од 47 евидентирани испишувања е наведена повеќегодишна неактивност или последен запишан семестар во значително претходен период. Затоа бројот на формални испишувања не треба да се поистоветува со бројот на студенти кои престанале активно да студираат во истата учебна година. Евиденцијата опфаќа и преминувања на друга студиска програма или акредитација, поради што овие броеви не претставуваат директен показател за трајно напуштање на студиите.

Податоците за бројот на студенти, успешноста и другите релевантни показатели се разгледуваат во рамките на работата на надлежните органи и тела на ГФ и се користат при планирањето на активности за унапредување на наставно-образовниот процес. На овој начин статистичките показатели претставуваат една од информациските основи за следење на реализацијата и развојот на студиските програми.

Факултетот располага со информатички систем за водење на студентската евиденција, преку кој се обезбедува систематско прибирање и чување на податоците. Во практиката, дел од податоците дополнително се обработуваат од Студентската служба, бидејќи постојниот систем не овозможува автоматско извезување на сите информации во форма погодна за детална статистичка анализа. Ова претставува област во која е идентификувана можност за понатамошно унапредување на дигиталната поддршка и автоматизираното генерирање на аналитички прегледи.

Во рамките на документацијата за самоевалуација се обезбедени статистички прегледи за бројот на запишани предмети и студенти на прв и втор циклус, податоци за испишани студенти и причините за напуштање на студиите, како и податоци за положени студенти и просечни оценки по предмети за повеќегодишен период. Овие податоци овозможуваат следење на трендовите во реализацијата на наставата и успешноста на студентите и претставуваат основа за понатамошни аналитички и развојни активности.

Прилози

Прилог 2.9. А. Статистика запишани предмети и студенти-Прв циклус ЗС+ЛС, 2024-2025
Прилог 2.9. Б. Статистика запишани предмети и студенти-Прв циклус ЗС+ЛС, 2025-2026
Прилог 2.9. В. Статистика запишани предмети и студенти-Втор циклус ЗС+ЛС, 2024-2025
Прилог 2.9. Г. Статистика запишани предмети и студенти-Втор циклус ЗС+ЛС, 2025-2026
Прилог 2.9. Д. Список на испишани студенти и причини за напуштање на студиите 2022-2026
Прилог 2.9. Ѓ. Статистика-положени-просечни оценки по предмети-1 и 2 циклус-2019-2026

СТАНДАРД 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
Индикатор	**Документација**
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.

Градежниот факултет (ГФ) има воспоставен систем на изведување на наставата во кој студентот е активен учесник во процесот на стекнување, примена и продлабочување на знаењата. Активното учество е интегрирано во предметните програми преку однапред дефинирани наставни и студентски активности, чија реализација е поврзана со остварувањето на предвидените исходи од учењето. На тој начин, процесот на учење не се сведува само на усвојување на содржини, туку опфаќа нивна практична примена, решавање поставени проблеми и изработка на самостојни задачи и проекти.

Во предметните програми на сите три циклуси на студии се предвидуваат различни форми на активност на студентите, како што се решавање програмски и домашни задачи, самостојна работа, проектни и семинарски задачи, презентации, практични и други активности соодветни на природата и нивото на предметот. Нивната застапеност и обем се определуваат во рамките на предметните програми и се усогласуваат со очекуваните исходи од учењето. На овој начин, студентот има јасно дефинирани активности и обврски преку кои непосредно го демонстрира стекнувањето и примената на знаењата и вештините.

Особено значајна е поврзаноста меѓу студентската активност и оценувањето. Во зависност од предметот, постигнувањето на студентот делумно се вреднува преку континуирана работа во текот на семестарот, а не само преку завршното проверување на знаењата. Проектите, индивидуалните задачи, практичните активности, презентациите и другите форми на работа се вклучуваат во процесот на вреднување тогаш кога се релевантни за исходите од учењето на предметот. Со тоа, оценувањето го одразува реалниот процес низ кој студентот ги стекнува и применува знаењата.

Како конкретен пример може да се издвојат предметните програми во кои проектната и самостојната работа имаат утврдено место во структурата на активностите и оценувањето. Во бројни предметни програми, покрај предавањата и вежбите, се предвидени проектни и самостојни задачи, а во структурата на оценувањето активноста, индивидуалната работа, проектните активности и презентацијата на резултатите, кога се предвидени со предметната програма, учествуваат во формирањето на конечната оценка. Со тоа директно се потврдува дека активното учество на студентот е интегрален и мерлив дел од процесот на учење и оценување.

Конкретни примери за активно учење се домашните задачи, теренската активност и тимските проекти. По предметот „Јакост на материјалите“, според објавените информации за учебната 2025/2026 година, предвидени се шест домашни задачи, а домашните задачи и континуираното учење, кое се проверува преку тестовите се вреднуваат со по 10 бодови, покрај 80 бодови за завршниот испит. Со тоа, работата во текот на семестарот има непосредно учество во конечната оценка. По предметот „Геодетска пракса 1“, се предвидува тимска и индивидуална теренска работа, геодетски мерења и обработка на резултатите во елаборат. Предвидени се 90 часа теренска настава, а ангажманот во теренските активности и изработката на елаборат се вреднуваат со по 45 бодови. По предметот „Динамика на конструкции“ на втор циклус, предвидени се тимска проектна задача, презентација и јавна одбрана; индивидуалната работа/проектот со писмена и усна презентација носи 20 бодови, а самостојните задачи дополнителни 10 бодови. Овие примери ја покажуваат поврзаноста на практичната примена, самостојната и тимската работа со оценувањето.

Принципот на активно учење е присутен на различните циклуси на студии, со соодветна постепеност според нивото на образование. На I циклус, акцентот е на активна примена на фундаментални и стручни знаења преку решавање задачи, самостојна работа и проектни активности. На II циклус се очекува повисоко ниво на самостојност, интегрирање на стекнатите знаења и решавање посложени стручни и аналитички задачи. На III циклус активното учење прераснува во самостојна научноистражувачка работа, каде значаен дел од студирањето е поврзан со истражувачка работа, подготовка и реализација на истражувачки проект и изработка на докторска дисертација, со што студентот станува непосреден носител на процесот на стекнување и создавање нови знаења. Ваквата вертикална поставеност овозможува постепено развивање на самостојноста на студентите: од решавање структурирани задачи и примена на стекнати знаења на I циклус, преку самостојна и проектна работа на II, до самостојно истражување и оригинален научен придонес на III циклус.

Оттука, може да се констатира дека на Градежниот факултет е воспоставен применлив механизам со кој студентите активно се вклучуваат во процесот на учење, а нивната работа е поврзана со очекуваните исходи од учењето и соодветно се вреднува во процесот на оценување. Останатите аспекти на наставата ориентирана кон студентот, поврзани со флексибилноста и разновидноста на педагошките пристапи, адаптацијата на наставата,

транспарентноста на критериумите за оценување и повратните информации, се разгледуваат во рамките на соодветните индикатори од Стандард 3.

Прилози
Прилог 3.1.А. Статут на Градежниот факултет Скопје
Прилог 3.1.Б. Извадоци од студиски и предметни програми од прв, втор и трет циклус со приказ на студентските активности и начинот на оценување
Прилог 3.1.В. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус на УКИМ
Прилог 3.1.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на УКИМ
Прилог 3.1.Д. Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус на Градежниот факултет

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.

ГФ го организира наставно-образовниот процес со почитување на различноста на студентите во однос на нивните претходни знаења, образовни интереси, индивидуални способности и професионални определби. Флексибилноста се обезбедува преку разновидноста на студиските програми и изборот на предмети, различните форми на реализација на наставата, можностите за дополнителни едукативни активности и непосредната поддршка од наставниот кадар.

Различноста на образовните потреби се препознава и преку самата структура на студиските програми. На првиот циклус студентите можат да се определат за различни области на градежништвото, геотехничкото инженерство и геодезијата и геоинформатиката, додека на вториот и третиот циклус образованието се продлабочува и специјализира согласно индивидуалните професионални и истражувачки интереси. Со таквата вертикална и хоризонтална разновидност се овозможува различни профили на студенти да го изберат образовниот пат кој најсоодветно одговара на нивните интереси и професионални цели.

Наставниот процес е сублимат на бројни педагошки приоди базирани на предавања, вежби, консултации, домашни задачи, семинарски работи, проекти (на пр., Патишта, Хидротехнички конструкции и др.), лабораториска (на пр., Механика на почви) и теренска настава (на пр., Геодезија 1 и др.), курсеви, опити, презентации, симулации (на пр., Метод на конечни елементи), тандемска и тимска работа (на пр., Динамика на конструкции) и сл. Изборот на педагошките методи е рефлексија на свесноста за диверзитетот на студентите, што е подлога за мулти-модални наставни пристапи во секоја предметна програма.

Флексибилноста во реализацијата на наставата се обезбедува и преку комбинирање на повеќе начини на работа, согласно природата на предметот и потребите на студентите. Покрај непосредната настава, како дополнителна поддршка се користи платформата за електронско учење iLearn на УКИМ, преку која студентите пристапуваат до наставни материјали и информации за предметите и остваруваат електронска комуникација со наставниот кадар. На тој начин се олеснува самостојното учење и следењето на наставните активности.

Факултетот дополнително ја проширува достапноста и разновидноста на образовните содржини преку вклучување на гостински предавачи, практичари и истражувачи од други високообразовни и научноистражувачки институции, од земјата и од странство. На официјалната интернет-страница редовно се објавуваат најави за предавања, обуки, курсеви и други активности наменети за студентите. Факултетот истовремено објавува и повици за дополнителни едукативни активности и меѓународни работилници.

Дополнителна можност за прилагодување на образовниот пат кон индивидуалните интереси претставуваат мобилноста и учеството во активности надвор од матичната студиска програма. На пр., во 2026 година на интернет-страницата на факултетот е објавен конкурс за студентска мобилност во рамки на програмата ЕРАЗМУС+, со што студентите добиваат можност дел од своето образование да го реализираат во друга високообразовна институција. Овој механизам ја зголемува флексибилноста на студирањето и овозможува стекнување дополнителни искуства и знаења во средини со различни образовни пристапи.

ГФ пружа и различни форми на непосредна поддршка на студентите. Пример е воспоставената практика на стипендирање преку Фондацијата за стипендирање студенти, но и преку други извори и партнерски организации. За I циклус постојат критериуми за доделување стипендии на новозапишани и на веќе запишани студенти, а можности постојат и за II циклус. На тој начин финансиската поддршка претставува дополнителен механизам за олеснување и поттикнување на студирањето. Така, во учебната 2025/2026 година ГФ објавил и конкретни одлуки за доделување стипендии на студенти, како и можности за стипендирање за студентите од II циклус на студии.

Различноста на студентите се зема предвид и преку изборот на педагошки форми во зависност од наставната содржина. Во реализацијата на предметите се комбинираат предавања, вежби, консултации, демонстрации, задачи, аудиовизуелни материјали, пракса, експерименти, набљудувања, лабораториски и теренски активности, и користење на електронски ресурси. Со ваквата разновидност студентите имаат пристап до наставните содржини преку различни форми на работа, соодветни на природата на предметот и конкретните образовни потреби.

Значајна форма на непосредна поддршка претставуваат и консултациите со наставниот кадар. Тие овозможуваат дополнително согледување на тешкотиите и потребите на студентите и, во рамките на природата на предметот, обезбедување дополнителни објаснувања, насоки и материјали за совладување на наставната содржина.

Со наведените механизми, ГФ обезбедува флексибилна образовна средина во која различноста на студентите се поддржува преку различни образовни патеки, повеќе начини на реализација и пристап до наставата, дополнителни едукативни можности, студентска мобилност и непосредна комуникација со наставниот кадар. На тој начин се создаваат услови студентите со различни образовни интереси и потреби да го реализираат своето образование преку пристапи соодветни на природата на студиската програма и наставниот процес.

Наставните методи се приспособуваат на спецификите на инженерските дисциплини: по предметите „Статика“ и „Јакост на материјалите“ се решаваат пресметковни-домашни задачи, по „Механика на почви“ се применуваат и лабораториски испитувања, а по „Геодетска пракса 1“ се изведуваат теренски мерења и се обработуваат резултатите во елаборат. По „Динамика на конструкции“ се предвидени тимски проектни задачи со презентација и јавна одбрана, додека по „Метод на конечни елементи“ се применува нумеричко моделирање и анализа на конструкции. Со комбинирањето на овие методи студентите ја поврзуваат теоријата со практичната работа и развиваат пресметковни, експериментални, дигитални и комуникациски вештини.

Прилози

/

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.

ГФ применува различни наставни пристапи насочени кон активно и интерактивно учење, при што изборот на методи се приспособува на природата на предметот, нивото на студии и очекуваните исходи од учењето. Наставниот процес вклучува проблемско и проектно ориентирано учење, практична работа, студии на случај, лабораториски и теренски активности, како и други форми преку кои студентите активно ги применуваат стекнатите знаења.

Во рамките на различните предмети се применуваат повеќе практични наставни форми: решавање инженерски задачи, лабораториски испитувања, теренска настава, обуки и курсеви, работа со лабораториска и теренска опрема, симулации, микроистражувања, учество во истражувачки и проектни активности, како и изработка на индивидуални и групни проектни задачи. Со тоа наставата се насочува кон развивање на знаења, практични вештини, самостојност и способност за решавање реални инженерски проблеми.

Применетите наставни методи се различни во зависност од содржината на предметот. Кај предмети како Статика и Јакост на материјалите значаен дел од активностите е насочен кон решавање различни инженерски задачи; кај предмети како Механика на почви и Пракса за геотехника се применуваат лабораториски испитувања; кај предмети од областа на геодезијата се реализираат непосредни теренски мерења, додека кај предмети како Железници, Армиран бетон и Тунели се реализираат семестрални проектни задачи преку изработка на проект или негов дел.

На вториот циклус на студии поголемо значење имаат студиите на случај, анализата на посложени инженерски проблеми и примената на напредни методи и технологии. Такви пристапи се применуваат, на пример, кај предмети од областа на мостовските и челичните конструкции, земјотресното инженерство, санацијата и зајакнувањето на конструкции, свлечишта, управувањето со ризици, сателитската геодезија и глобалните позициони системи. При изработката на магистерските трудови, интердисциплинарниот пристап е особено изразен преку комбинирање на лабораториски, теренски, аналитички и нумерички методи, зависно од природата на истражуваниот проблем.

Целите и исходите на предметните програми се насочени кон постепено развивање на повисоки нивоа на знаење и компетенции — од разбирање и примена, до анализа, синтеза и евалуација. На тој начин студентот не е само примател на информации, туку активно учествува во решавањето проблеми, анализата на различни решенија и примената на стекнатите знаења во нови ситуации.

Значајна улога во следењето и приспособувањето на наставата имаат непосредните консултации и повратните информации од студентите. Преку нив наставниот кадар може да ги согледа тешкотиите во совладувањето на определени содржини, соодветноста на обемот и сложеноста на задачите и потребата од приспособување на одделни наставни активности.

Повратните информации од студентските анкети претставуваат дополнителен извор за унапредување на наставниот процес. При подготовката на наставата за наредниот период и при преиспитувањето на предметните програми може да се земат предвид релевантните забелешки и предлози на студентите. Како конкретен пример на извршена адаптација може да се наведе предметот „Механика на почви“, каде што е извршено редуцирање на обемот на определени проблеми во неколку програмски задачи, врз основа на согледувањата од реализацијата на

наставата и повратните информации од студентите.

Со сето ова, може да се констатира дека на ГФ се применуваат различни интерактивни, проблемски, проектни и практично ориентирани наставни методи, приспособени на природата на предметот и циклусот на студии. Воедно, преку консултациите, студентските повратни информации и конкретните корекции во наставните активности се обезбедува можност за адаптација и континуирано унапредување на начинот на изведување на наставата.

Прилози
Прилог 3.3. А. Пример на програмска задача од прв циклус на студии
Прилог 3.3. Б. Пример за студија на случај за втор циклус на студии
Прилог 3.3. В. Пример за проектна задача за втор циклус на студии
Прилог 3.3. Г. Пример на адаптација на програмски задачи врз основа на повратни информации од студентите

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.

ГФ има воспоставена нормативна и организациска рамка со која се уредува учеството на наставниот и соработничкиот кадар во процесот на оценување на студентите. Начинот на проверување и оценување е составен дел од предметните програми, додека правилата за студирање ги утврдуваат основните постапки поврзани со проверката на знаењата, полагањето испити и утврдувањето на оценката. Со тоа, сите учесници во наставно-образовниот процес имаат заедничка нормативна основа за спроведување на оценувањето.

Во предметните програми на сите три циклуси се предвидуваат различни форми на проверка на постигнувањата, соодветни на природата на предметот и на очекуваните исходи од учењето. Покрај завршниот испит, се користат колоквиуми и тестови, програмски и семинарски задачи, проектна работа, презентации, лабораториски и практични активности и други форми на непосредна проверка на стекнатите знаења и вештини. На овој начин, наставниот кадар може да избира и комбинира соодветни инструменти зависно од тоа дали се проверуваат теоретски знаења, практични вештини, способност за анализа и решавање проблеми или способност за самостојна примена на знаењето.

Во предметните програми однапред е утврдено и на кој начин различните форми на студентска работа се вклучуваат во оценувањето. Кај одделни предмети, покрај тестови и колоквиуми, се вреднуваат индивидуална работа, проект, презентација и активност на студентот, а зависно од природата на предметот и лабораториски и практични активности и програмски задачи. Со тоа се обезбедува примена на различни формални инструменти за вреднување на повеќе аспекти на студентските знаења и компетенции.

Во процесот на оценување учествуваат и соработниците, особено во реализацијата и вреднувањето на вежбите, практичните задачи и лабораториските активности. Нивната ангажираност е поврзана со предметните програми и со организацијата на наставата, со што се обезбедува усогласеност меѓу наставните активности и формите на проверка на студентските постигнувања.

Дополнително, дел од наставниот кадар на ГФ учествувал на работилницата „Beyond the Lecture: Practical Approaches to Student-Centered Teaching“, одржана на 10.04.2025 год., насочена кон унапредување на наставните пристапи ориентирани кон студентот. Ваквите активности придонесуваат за професионално усовршување на наставниот кадар и за развивање на современи пристапи во реализацијата на наставата, следењето на студентските постигнувања и примената на соодветни форми на вреднување и повратна информација.

Со воспоставената нормативна рамка, примената на различни формални инструменти за проверка на знаењата, учеството на наставници и соработници и можностите за професионално усовршување, ГФ обезбедува услови оценувањето да се спроведува во согласност со природата на предметот, очекуваните исходи од учењето и видот на знаења, вештини и компетенции што треба да се проверат.

Критериумите и начините на оценување се утврдени во предметните програми и релевантните акти и се достапни на наставниот кадар и студентите.

Прилози
Прилог 3.4 Примери на наставни предмети со комбинирано оценување и испитување на студентите

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите на ГФ се однапред утврдени и достапни и студентите се информираат за нив пред започнувањето на реализацијата на наставата по соодветниот предмет. На тој начин се обезбедува транспарентност и предвидливост на процесот на оценување и студентите однапред ги знаат условите и обврските врз основа на кои ќе биде формирана нивната конечна оценка.

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 40 - член 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 21 - член 29) јасно се наведени и детално се елаборирани активностите кои се предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, теренска настава, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани и како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување и наведени се обврските на засегнатите страни/наставникот во целиот процес на оценување.

Правилата за оценување се применуваат како на првиот и вториот, така и на третиот циклус на студии и истите се дадени во елаборатите за акредитација. Во нив се определуваат основните прашања поврзани со проверката на знаењата, начинот на полагање, оценувањето и правата и обврските на студентите и наставниот кадар. На тој начин е обезбедена единствена институционална основа во рамките на која секоја предметна програма ги определува специфичните начини на вреднување во согласност со своите цели и исходи од учењето.

Дополнително, начинот на оценување е конкретно разработен во секоја предметна програма. Во елаборатите за акредитација на студиските програми се наведени формите на проверка, активностите што се вреднуваат и начинот на формирање на конечната оценка. Во зависност од природата на предметот, тоа може да вклучува тестови, колоквиуми, програмски и проектни задачи, семинарски работи, практична, лабораториска и теренска работа, презентации и завршно проверување на знаењата. Овој систем овозможува критериумите за оценување да бидат специфично поврзани со содржината и исходите од учењето на секој предмет.

Информациите за предметот и начинот на оценување се достапни и преку информативните материјали поврзани со предметните програми. Студентите се запознаваат со содржината, обврските и начинот на оценување во текот на воведувањето во предметот и на почетокот на семестарот. Дополнителен канал за електронски пристап до информации и наставни материјали претставува платформата iLearn, која се користи за комуникација и електронска поддршка на наставата.

Транспарентноста се обезбедува и преку редовното објавување на информации поврзани со реализацијата на наставата. На веб-страницата на Факултетот студентите имаат пристап до распоредите, календарите, покриеноста на настава и релевантните правила за студирање.

На тој начин се обезбедува повеќеслоен систем на информирање: општите правила се достапни преку универзитетските и факултетските акти, специфичните критериуми се дефинирани во предметните програми, а информациите за конкретниот предмет и тековната реализација се достапни преку директната комуникација со наставниот кадар и електронската платформа.

Особено значајно е што транспарентноста е воспоставена пред реализацијата на оценувањето. Студентот има можност однапред да ги запознае условите за исполнување на обврските, формите на проверка и начинот на формирање на оценката, со што се намалува можноста за субјективност или непредвидливост во процесот.

Со наведените механизми, ГФ обезбедува критериумите и методите на вреднување да бидат формално утврдени, достапни и навремено соопштени на студентите. На тој начин студентите се во можност однапред да го планираат исполнувањето на своите обврски и да го насочат процесот на учење кон очекуваните постигнувања.

Прилози

Прилог 3.5. Елаборат за реакредитација на студиска програма по градежништво на прв циклус

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните две години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.

ГФ го организира оценувањето како составен дел од процесот на учење, насочен кон утврдување на степенот до кој студентите ги постигнале предвидените исходи од учењето. Начинот на проверка на постигнувањата се определува во согласност со целите и карактерот на секој предмет, така што студентите имаат можност да ги демонстрираат не само усвоените теоретски знаења, туку и способноста за нивна примена, анализа и решавање на стручни и практични проблеми.

Поврзаноста меѓу исходите од учењето и оценувањето е обезбедена преку предметните програми, во кои за секој предмет се определуваат активностите и формите преку кои се следат и проверуваат постигнувањата на студентите. Во зависност од природата на предметот, постигнувањата се демонстрираат преку комбинација на континуирана работа, програмски и проектни задачи, лабораториски и практични активности, колоквиуми, тестови и завршни проверки на знаењата. На тој начин, начинот на оценување е усогласен со она што студентот треба да

го знае, разбере и умее по завршувањето на предметот.

Посебна важност има континуираното следење на студентските постигнувања. Кај предметите каде што тоа е предвидено, покрај завршната проверка се користат повеќе точки на следење во текот на семестарот. Со тоа се овозможува навремено согледување на напредокот на студентот и идентификување на деловите од наставната материја за кои е потребно дополнително ангажирање.

Студентите добиваат повратна информација за своите постигнувања. Резултатите од писмените проверки се поставуваат на платформите за електронска комуникација (на пр., iLearn,) и им овозможуваат да се информираат за освоените бодови и постигнатиот резултат, а кај усните проверки резултатот се соопштува непосредно по испитувањето. Во рамките на испитниот процес студентот има можност за увид во своите резултати и, по потреба, за дополнително објаснување на постигнувањето. На тој начин, повратната информација може да се користи за согледување на слабостите и за понатамошно насочување на процесот на учење.

Доследноста и правичноста на оценувањето се обезбедуваат преку примена на единствени институционални правила и однапред утврдени постапки за проверка и вреднување. Овие правила претставуваат основа за спроведување на оценувањето, објавување на резултатите и остварување на правото на увид и приговор, со што се обезбедува еднаква процесна положба на студентите.

Кај одделни предмети за кои во предметната програма се ангажирани повеќе наставници, оценувањето може да вклучува учество на повеќе испитувачи, во согласност со распределбата на наставната материја и организацијата на предметот, како, на пр., „Инфраструктурни објекти“, „Геотехнички истражувања“, „Свлечишта и стабилизација на косини“ и други предмети кај кои наставата ја реализираат повеќе наставници.

Доказ за институционалното следење на студентските постигнувања претставуваат и податоците за просечните оценки по предмети. За периодот 2019–2026 година се располага со статистички податоци за бројот на положени студенти и просечните оценки по предмети од прв и втор циклус, што овозможува следење на резултатите и нивното движење по академски години.

Со ваквата поставеност, оценувањето има повеќекратна функција: служи за утврдување на степенот на постигнати исходи од учењето, обезбедува повратна информација до студентите, претставува основа за понатамошно насочување на учењето и обезбедува податоци за институционално следење на успешноста на студирањето.

Оттука, може да се констатира дека ГФ има воспоставен систем на оценување кој е усогласен со целите и исходите од учењето, се спроведува согласно утврдени процедури и обезбедува повратна информација до студентите. Можноста за учество на повеќе испитувачи кај соодветни предмети, увидот во резултатите и институционалното следење на просечните оценки дополнително придонесуваат за доследност и унапредување на процесот на оценување.

Прилози
Прилог 3.6. А. Просечни оценки по предмети на прв и втор циклус за периодот 2019–2026
Прилог 3.6. Б. Пример за лична карта на предмет со приказ на исходите од учењето и начинот на оценување

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата.

ГФ има воспоставена нормативна рамка за поднесување и постапување по жалби и приговори на студентите, како и посебни процедури за пријавување сомневања за корупција и други противправни дејствија. Постапките се уредени со важечките универзитетски и факултетски акти и се применуваат на студентите од сите циклуси на студии.

Во однос на прашањата непосредно поврзани со студирањето и оценувањето, студентите имаат право на увид и приговор согласно правилата за студирање. Релевантните акти ги уредуваат постапката за полагање на испитите, објавувањето и увидот во резултатите, поднесувањето приговор, постапувањето по приговорот и, кога се исполнети предвидените услови, комисиското полагање. На тој начин е обезбедена формална постапка преку која студентот може да побара преиспитување на определена одлука или постапка поврзана со оценувањето и остварувањето на студентските права.

Одделно од академските приговори, ГФ има воспоставено механизам за заштитено пријавување на сомневања за корупција и други противправни дејствија. Постапката е уредена со Законот за заштита на укажувачите, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Процедурата за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите. Релевантните документи се јавно достапни преку веб-страницата на Факултетот.

Согласно воспоставената процедура, по приемот и завршувањето на постапката по пријава, овластеното лице изготвува извештај за исходот од постапката и за преземените или предложените мерки. Процедурата предвидува и водење евиденција и изготвување периодични извештаи за примените пријави, согласно надлежностите утврдени со релевантните прописи.

Информациите за заштитено пријавување се достапни преку објавените нормативни и оперативни документи, меѓу

кои Законот за заштита на укажувачите, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување, Процедурата за прием и обработка на пријави од укажувачи, образецот за пријавување, информациите за овластеното лице и Етичкиот кодекс.

За периодот опфатен со самоевалуацијата, согласно расположливата евиденција, не се регистрирани пријави на корупција.

Со наведените механизми, на ГФ се обезбедуваат формални канали за заштита на студентските права во академскиот процес и одделни процедури за пријавување сомневања за корупција и други противправни дејствија.

Прилози
/

СТАНДАРД 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
Индикатор	**Документација**
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.
Градежниот факултет (ГФ) го организира процесот на запишување, студирање, напредување и завршување на студиите во согласност со важечките универзитетски и факултетски акти. Нормативната рамка ги опфаќа студиите од I, II и III циклус и ги утврдува условите и постапките за запишување, исполнување на студентските обврски, напредување низ студиската програма, завршување на студиите и стекнување со соодветни јавни исправи. Основата за спроведување на овие постапки ја сочинуваат правилниците за студирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и факултетските правила и одлуки со кои универзитетската регулатива се применува на ниво на ГФ. Релевантните акти се јавно достапни преку факултетската веб-страница и им овозможуваат на студентите и кандидатите однапред да се запознаат со условите и постапките што се применуваат во различните фази на студирањето. Практичната примена на пропишаните правила е видлива уште во процесот на запишување. За секоја академска година ГФ јавно објавува информации и рокови за запишување студенти на I, II и III циклус, во согласност со конкурсите и одлуките на Универзитетот. Објавените информации содржат податоци за роковите за пријавување, потребната документација, постапката за рангирање и запишување и други релевантни услови. Кај I циклус, електронското пријавување и дел од административната постапка се реализираат преку универзитетскиот електронски систем, со што се обезбедува единствена и следлива процедура. На II и III циклус се применуваат соодветни постапки, во согласност со нивото и спецификите на студирањето. Кај докторските студии, покрај конкурсната документација, јавно се објавуваат и релевантни обрасци и документи поврзани со изборот на ментор, договорот за студирање, изборот на предмети и другите обврски при запишувањето и реализацијата на студиите. Правилата се применуваат и во текот на студирањето. Факултетот редовно објавува информации за запишување и заверка семестри, пријавување и реализација на студентски обврски, како и други постапки поврзани со напредување низ студиите. Со овие известувања се определуваат конкретни рокови, потребни документи и услови за запишување предмети и семестри, во согласност со важечките правила и акредитираните студиски програми. Посебно значење има јавниот календар на академски активности, преку кој студентите однапред се информираат за клучните рокови во текот на учебната година. На тој начин се обезбедува предвидливост на административните и наставните активности и се создаваат услови студентите навремено да ги планираат своите обврски. Спроведувањето на правилата го опфаќа и напредувањето на студентите, исполнувањето на условите за завршување на студиите и постапките поврзани со издавањето диплома, уверение и додаток на диплома. Детално следење на индивидуалниот напредок на студентите е разработено во Индикатор 4.2, признавањето на претходно учење и мобилноста во Индикатор 4.3, а документацијата што се издава по завршувањето на студиите во Индикатор 4.4. Со тоа, ГФ обезбедува дека правилата што ги покриваат сите главни фази на студирањето се однапред утврдени, јавно достапни и се применуваат во практиката. Јавното објавување на правните акти, конкурсите, роковите и тековните известувања овозможува транспарентност и предвидливост на постапките за студентите и кандидатите.	
Прилози Прилог 4.1.А. Правилник за студирање на прв и втор циклус на студии на УКИМ Прилог 4.1.Б. Одлука за правила за студирање на Градежниот факултет Прилог 4.1.В. Правилник за студирање на трет циклус – докторски студии на УКИМ Прилог 4.1.Г. Информации и рокови за запишување на студенти на прв циклус студии Прилог 4.1.Д. Информации и рокови за запишување на студенти на втор циклус студии Прилог 4.1.Ѓ. Информации и документација за упис на трет циклус студии Прилог 4.1.Е. Известување за заверка и запишување семестар на прв циклус студии во 2025/2026 година Прилог 4.1.Ж. Известување за заверка и запишување семестар на втор циклус студии во 2025/2026 година	
4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.
ГФ има воспоставен систем за евидентирање и континуирано следење на статусот и напредокот на студентите во текот на студирањето. Следењето се реализира преку официјалната студентска евиденција, индивидуалното студентско досие и електронскиот систем iKnow, во кој се евидентираат релевантните податоци за запишаните	

предмети, положените испити, освоените кредити и тековниот статус на студентот. Студентската служба води индивидуална евиденција за секој студент и учествува во проверката и ажурирањето на податоците поврзани со текот на студирањето. Електронската евиденција во iKnow овозможува истите информации да бидат достапни и за студентот, како и за наставниот и административниот кадар во рамките на соодветните кориснички овластувања.

Функционалноста на системот е видлива при редовното запишување и заверка на семестрите. Во актуелните постапки за прв и втор циклус, студентите ги избираат и запишуваат предметите во iKnow, а интерните формулари за запишување се усогласуваат со електронското досие на студентот. За летниот семестар во учебната 2025/2026 година, на пример, запишувањето на предметите на прв и втор циклус се реализира електронски преку iKnow, при што се зема предвид и условеноста на предметите. На овој начин системот не претставува само административна база на податоци, туку се користи и при проверката на исполнувањето на академските услови за напредување.

Кај актуелните студиски програми условеноста е формално означена во структурата на предметите. Во акредитацијата од 2023 година се користи ознака за предметите што имаат предуслов за запишување и/или полагање, што овозможува системско следење на вертикалната поврзаност меѓу предметите и напредувањето низ студиската програма. Податоците за постигнувањата се користат и во подоцнежните фази на студирањето. При пријавување магистерски труд, студентот доставува уверение за положени испити, со што формално се проверува исполнувањето на наставните обврски пред започнувањето на завршната фаза од студиите.

Следењето на напредокот има непосредно значење и за утврдувањето на студентскиот статус. Во зависност од остварените обврски и евидентираниот академски статус, се применуваат соодветните правила за повторно запишување предмети, промена на статусот на студирање и запишување на завршните активности. На овој начин ГФ постапува врз основа на евидентираниот академски напредок, а системот не се користи само за чување на податоци.

Електронското следење започнува уште при запишувањето на студентот, кога се формира електронското студентско досие и се внесуваат податоците за запишаните предмети. Евиденцијата потоа се надополнува во текот на наредните семестри, со што се овозможува континуирано следење на напредокот во текот на студирањето.

Покрај индивидуалното следење преку студентското досие и системот iKnow, на факултетот се врши и агрегирано следење на студентските текови, при што се водат статистички прегледи на бројот на студенти по циклуси и семестри, како и на бројот на запишани и дипломирани студенти по студиски програми и академски години. Овие податоци овозможуваат следење на движењата во бројот и статусот на студентите и обезбедуваат информациска основа за институционално планирање и анализа на текот на студирањето.

На овој начин, ГФ располага со функционален механизам за евидентирање, следење на напредокот, проверка на исполнувањето на условите и утврдување на студентскиот статус, кој се применува во текот на целокупното студирање.

Прилози
Прилог 4.2.А. Упатство и примена на електронскиот студентски систем iKnow при запишување на семестар
Прилог 4.2.Б. Интерни обрасци за запишување на семестар со условеност на предметите
Прилог 4.2.В. Условеност на предмети на студиските програми од 1 циклус на студии
Прилог 4.2.Г. Упатство за пријава, оцена и одбрана на магистерски труд
Прилог 4.2.Д. Пример за постапување врз основа на академскиот статус и напредокот на студентот
Прилог 4.2.Ѓ. Пример на студентска евиденција / извод од iKnow за положени испити, освоени ЕКТС и статус на студентот
Прилог 4.2.Е. Статистички преглед на запишани/дипломирани студенти по студиски програми
Прилог 4.2.Ж. Статистички преглед на бројот на активни студенти на прв и втор циклус по семестри

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните две години.

ГФ има воспоставена постапка за признавање на претходно положени испити, стекнати кредити и периоди на студирање реализирани на друга високообразовна институција во земјата или странство. Постапката се спроведува во согласност со важечките универзитетски и факултетски акти и овозможува академските постигнувања на студентот, кога се исполнети соодветните услови, да бидат признати и вклучени во неговата студиска програма.

Признавањето на реализираните активности се врши преку постапка за проверка и еквиваленција на претходно положени испити и кредити. Студентот поднесува барање и соодветна документација за претходно реализираните студии, по што надлежната Комисија за признавање и еквиваленција ја разгледува документацијата и врши споредба на содржината, обемот и кредитната вредност на предметите. Врз основа на оваа анализа се утврдува дали предметот се признава целосно, делумно или не се признава, по што се донесува соодветно решение.

Како конкретен пример за функционалноста на оваа постапка може да се наведе случај од учебната 2024/2025 година, во кој студент со претходно реализирани студии на Факултетот за градежништво и геодезија при Универзитетот во Љубљана поднел барање за признавање на положени испити и освоени кредити. Студентот

претходно имал положено 15 предмети и освоено 85 кредити. По увид во уверението за положени испити и студентското досие, Комисијата за признавање и еквиваленција изготвила предлог за признавање, а Деканот донел конечно решение со утврден обем на признавање (Прилог 4.3.Б).

Посебен сегмент на системот претставува академското признавање на периодите на студирање реализирани преку меѓународна мобилност. ГФ учествува во повеќе програми за студентска мобилност, меѓу кои Erasmus+ и CEEPUS, преку кои студентите можат дел од своите студиски, проектни или истражувачки активности да ги реализираат на партнерски високообразовни институции. Во случаите на мобилност, кога студентот реализира предмети и стекнува ЕКТС, академското признавање се темели на однапред договорена студиска програма. Пред заминувањето на мобилност се утврдуваат предметите или другите образовни компоненти што студентот ќе ги реализира на институцијата домаќин и нивната еквивалентност со обврските на матичната студиска програма. Кај Erasmus+ ова се формализира преку Learning Agreement, кој претставува основа за подоцнежното академско признавање. По завршувањето на мобилноста, институцијата домаќин издава документ за реализираните активности и постигнатите резултати, најчесто Transcript of Records или соодветна потврда. Врз основа на оваа документација се врши признавање на успешно реализираните предмети, активности и ЕКТС и тие се внесуваат во студентската евиденција. На овој начин се обезбедува академски континуитет и се избегнува повторување на веќе успешно реализирани образовни компоненти. CEEPUS мрежата, пак, во својата програмска рамка предвидува краткорочни студентски мобилности за истражувачки активности и работа на завршни трудови, како и долгорочни мобилности во кои студентите можат да реализираат предмети, проектна работа и други активности за кои се стекнуваат кредити. Истовремено, мрежата ја поддржува компатибилноста на наставните програми преку признавање на предмети и испити со примена на ЕКТС. Како конкретен пример за реализирана мобилност може да се наведе едномесечниот студиски и истражувачки престој на студент на Факултетот за градежништво и архитектура во Осијек, Република Хрватска, во периодот 15.10.2024–15.11.2024, во рамките на CEEPUS мрежата „Research and Education of Environmental Risks“. Мобилноста е формално одобрена со Letter of Award од National CEEPUS Office of Croatia, а нејзината реализација е потврдена со Letter of Confirmation од институцијата домаќин. Во текот на престојот студентот реализирал истражувачки активности непосредно поврзани со подготовката на магистерскиот труд, вклучително активности во областа на сеизмичката анализа, новата генерација на еврокодови и пристапите за нумеричко моделирање.

Со наведените механизми, Градежниот факултет обезбедува механизам за транспарентно признавање на претходно стекнатите академски постигнувања, положените испити, кредитите и периодите на студирање реализирани во рамките на мобилност, со што се поддржуваат академската мобилност, континуитетот на студирањето и правичното вреднување на веќе постигнатите резултати.

Прилози
Прилог 4.3.А. Релевантни акти за признавање и еквиваленција на испити и кредити. Одлука за правила за студирање на Градежниот факултет и Правилник за трет циклус студии.
Прилог 4.3.Б. Пример на решение за признавање и еквиваленција на испити и кредити при премин од друга високообразовна институција
Прилог 4.3.В. Информации за студентска мобилност во рамките на програмата Erasmus+
Прилог 4.3.Г. Документација за академско признавање при Erasmus+ мобилност
Прилог 4.3.Д. CEEPUS мрежа „Research and Education of Environmental Risks“ – програмска и институционална документација
Прилог 4.3.Ѓ. Документација за реализирана студентска CEEPUS мобилност
Прилог 4.3.Е. Преглед на студенти со реализирана мобилност во 2024/25 и 2025/26 год.

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;

По исполнувањето на сите обврски предвидени со акредитираната студиска програма, студентите на ГФ се стекнуваат со соодветна јавна исправа со која се потврдува успешно завршениот циклус на студии и стекнатата квалификација. Документацијата се издава во согласност со Законот за високото образование и со важечкиот Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Службен весник на РСМ 67/2025). По завршувањето на студиите студентот добива диплома, уверение за положени испити и додаток на диплома. Овие документи имаат комплементарна функција: дипломата го потврдува стекнатиот степен и квалификација, уверението ги евидентира реализираните академски обврски и постигнатите резултати, а додатокот на диплома дава поширок и структуриран опис на природата, нивото, содржината и статусот на успешно завршените студии. Особено значење има додатокот на диплома, бидејќи овозможува квалификацијата да биде разбирливо и споредливо прикажана и надвор од непосредната институционална средина. Во него се содржани релевантни информации за носителот на квалификацијата, стекнатиот степен, студиската програма, реализираните предмети и кредити, постигнатите оценки и други податоци потребни за јасно толкување на завршените студии. На овој начин, документацијата не претставува само формална потврда за завршувањето на студиите, туку обезбедува структуриран увид во академскиот пат на

студентот и стекнатата квалификација. Нејзината структура придонесува за транспарентност и споредливост на квалификациите и ја олеснува нивната академска и професионална употреба.

Функционалноста на постапката е потврдена и преку тековната практика на ГФ. Во официјалните информации за студентите е наведена постапката по одбраната на дипломската работа или магистерскиот труд, вклучително доставувањето на записникот од одбраната и документите потребни за издавање уверение, диплома и додаток на диплома. Уверението се издава непосредно по завршувањето на постапката, додека дипломата и додатокот на диплома се подготвуваат согласно утврдената процедура.

Реалната примена на системот се потврдува и преку редовните промоции на дипломирани и магистрирани студенти. На промоцијата студентите се потпишуваат во Главната книга на дипломирани/магистрирани студенти, го подигнуваат додатокот на диплома во студентската служба, а потоа свечено им се доделува дипломата за завршениот степен на студии.

Со тоа, Градежниот факултет обезбедува дека по успешното завршување на студиите студентите добиваат формално пропишана, јасна и сеопфатна документација која ја потврдува стекнатата квалификација и овозможува разбирлив увид во степенот, содржината и резултатите од завршените студии.

Прилози

Прилог 4.4.А. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Службен весник на РСМ 67/2025)

Прилог 4.4.Б. Пример на диплома за завршен прв, втор и/или трет циклус на студии

Прилог 4.4.В. Пример на уверение за положени испити

Прилог 4.4.Г. Пример на додаток на диплома

4.3.Е. Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење

Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност							
Учебна 2024/2025 година							
Бр.	**Име и презиме**	**Студиска програма**	**Вид на учење (формално/ неформално)**	**Вид на активност (мобилност, летна школа, семинар)**	**Период на активност**	**Установа организатор**	**Број на признати ЕКТС**
1.	Александар Димески	градежништво	Формално	Истражување за магистерска теза	15.10.-15.11.2024	Универзитет Јосип Јурај Штросмаер во Осијек, Факултет за градежништво и архитектура, Хрватска	6
2.	Филип Петровски	Геодезија	Формално	Мобилност за докторски студии	23.9.-02.10.2024	Технички универзитет – Конија, Факултет за природни науки и инженерство, Оддел за геоматика, Турција	
3.	Филип Милески	Геодезија	Формално	Мобилност за докторски студии	11-15.11.2024	Унивезитет во Сараево, Градежен факултет, Оддел за геодезија и геоинформатика, БиХ	
Учебна 2025/2026 година							
1.	Катерина Начева	градежништво	Формално	Пракса	Летен семестар 2026	University of Natural Resources and Life Sciences, Department of Landscape, Water and infrastructure	6

СТАНДАРД 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2]	
Индикатор	**Документација**
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните две години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите две години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).
Наставата на Градежниот факултет (ГФ) во изминативе две години ја извршува наставен кадар кој е со редовно вработување на ГФ, но и наставен кадар од други единици на Универзитетот. Наставата по предметните програми на студии од I циклус по сите студиски програми се покриени со наставен кадар од факултетот (редовно вработени), исклучок е само наставата на некои од изборните предмети како и еден од задолжителните општи предмети (Нацртна геометрија) која се покрива со наставници и соработници од други факултети на Универзитетот, каде наведените предметни програми се матични. Предметните програми на студиите од II циклус по сите студиски програми се во целост покриени од страна на наставниот кадар од факултетот. Предметните програми на студиите од III циклус по сите студиски програми се покриваат со наставен кадар од ГФ (редовно вработени и пензионирани), наставен кадар од другите единици на Универзитетот согласно понудените наставни програми, а во нејзината настава учествуваат и професори од странство. Вкупен број на наставниот кадар кој е редовно вработен на ГФ во последните две години се менувал во границите од 58 (во октомври 2024) до 54 (заклучно со 31.7.2026). Наставниот кадар се состои од вкупно 51 доктори на наука (36 редовни професори, 4 вонредни професори, 11 доценти) и 3 магистри на наука (соработници/асистенти). Квалификациите на наставниот кадар ангажиран во реализацијата на студиските програми на Градежен факултет – Скопје се соодветни на профилот, целите и концептот на студиите. Наставниот кадар ги исполнува утврдените услови во однос на степенот на образование, научните и наставните звања, како и стручните компетенции релевантни за предметите на кои е ангажиран. Анализата на наставниот ангажман покажува усогласеност меѓу областите на научноистражувачката и стручната работа на кадарот и содржините на студиските програми. Во реализацијата на наставата се вклучени наставници и соработници со соодветно академско и стручно искуство, што овозможува поврзување на теоретските знаења со нивната практична примена. Научноистражувачката активност и континуираното стручно усовршување на наставниот кадар придонесуваат за следење на современите научни и технолошки достигнувања во градежната област. Ангажирањето на наставниот кадар е усогласено со неговата стручна и научна компетентност и со потребите за реализација на наставните содржини.	
Прилози Прилог 5.1.А. Биографии на ангажиран наставен кадар Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање Прилог 5.1.В. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите две години на сите циклуси на студии на установата	
5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните две години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните две години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.
Во периодот од октомври 2024 година до септември 2026 наставниот кадар од ГФ објавил 150 трудови во зборници од меѓународни и домашни научни и стручни собири, и 85 трудови во меѓународни и домашни научни и стручни списанија. Од вкупниот број на трудови во списанија, 38 се прифатени и публикувани во списанија со фактор на влијание, при што еден е на почетокот на извештајниот период, 14 се во текот на 2025 год., а	

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

останатите 23 се објавени до септември 2026 год.
Со тоа, се остварува континуитет и раст во бројот на објавени трудови, се потврдува следењето на научни трендови и се придонесува кон развој на квалитетни студии и научната област.
Имено, врз основа на анализата на достапните податоци за извештајниот период, може да се издвојат неколку карактеристични трендови во научноистражувачката дејност на наставниот кадар при ГФ. Забележливо е насочување кон одржливо градежништво, енергетска и ресурсна ефикасност и намалување на влијанието врз животната средина, вклучително и со бетон со ниска емисија на CO_2 и употреба на отпадни материјали во градежништвото. Паралелно се развиваат истражувања поврзани со дигитализацијата, примената на современи нумерички и експериментални методи и мониторингот на конструкциите, како и теми поврзани со вештачката интелигенција во градежништвото. Значајно место имаат и сеизмичката отпорност, геотехниката, стабилноста и безбедноста на конструкциите.
Во периодот се забележува и зголемена ориентација кон меѓународна и интердисциплинарна соработка, во проекти насочени кон климатска отпорност, одржливост и развој на дигитални и зелени компетенции.
Научноистражувачката активност е поврзана и со применливи истражувања и соработка со стопанството, со цел резултатите од истражувањата да придонесат кон решавање конкретни инженерски и развојни предизвици. Генерално, трендовите укажуваат на постепено поврзување на традиционалните области на градежното инженерство со современите приоритети – одржливост, дигитализација, климатска отпорност, безбедност и практична применливост на научните резултати.

Прилози
Прилог 5.2.А. Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации
Прилог 5.2.Б. Листа на трудови објавени во зборници од конференции 2024-26
Прилог 5.2.В. Листа на трудови објавени во списанија 2024-26

5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо)). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]*;* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните две години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните две години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

Во организирањето на наставата во I циклус на студии за 2024-25 година, учествувале вкупно 43 професори (29 редовни, 7 вонредни и 6 доценти), од кои 42 од ГФ и еден од Архитектонски факултет (АФ). Просечната оптовареност по број на предмети низ семестрите се движи кај:

- редовни професори – од 1,52 предмети во зимскиот до 1,96 предмети во летниот семестар,
- вонредни професори – од 1,7 предмети во зимски до 2,85 предмети во летен семестар,
- доцентите – 1,2 предмети во зимскиот семестар и 2 предмети во летниот семестар.

Со тоа, просечната оптовареност на наставниот кадар со предмети во прв циклус на студии во 2024/25 год. изнесува 1,5 предмети во зимски и 2,1 во летен семестар. Од друга страна, на втор циклус на студии, наставниците просечно покривале по 2,1 предмети во зимски и 1,3 предмети во летен семестар. Истата година, кадарот од ГФ ангажиран на докторски студии просечно држел настава на 1,36 во зимскиот и 1,40 во летниот семестар, па заедно со оние од I и II циклус се добива просечна ангажираност на по 5 предмети по семестрите, укажувајќи на балансирана оптовареност.
Во I циклус на студии за 2025-26 год., учествувале вкупно 42 професори (35 редовни, 1 вонреден и 5 доценти), од кои 41 од ГФ и еден од АФ. Просечната оптовареност по број на предмети се движи во следните граници:

- кај редовни професори: 0,94 (во зимски) - 1,52 (во летен семестар) предмети,
- кај вонредни професори: по еден предмет во зимски и во летен семестар,
- кај доценти: 0,8 (во зимски) – 1,4 (во летен семестар) предмети.

Оттука, просечната оптовареност на кадарот со предмети во I циклус на студии во 2025/26 година изнесува 0,9 предмети во зимски и 1,5 во летен семестар. Истовремено, на II циклус на студии, наставниот кадар просечно бил ангажиран на 2,4 предмети во зимски и 1,9 предмети во летен семестар, додека на III циклус просечно држел настава на 1,4 во зимскиот и 1,1 во летниот семестар. На таков начин, вклучувајќи ги и предметите од I и II циклус, се добива просечна ангажираност на по 4,7-4,5 предмети по семестрите (зимски – летен), укажувајќи на урамнотежено оптоварување.
Покрај редовната настава на ГФ, мал дел од наставниците и соработниците одржуваат настава и на други единици на УКиМ, како и на странски универзитети.
Врз основа на изнесеното, се цени дека законската норма за (просечна) оптовареност со предмети е

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

почитувана. Сепак, ако се земе предвид дека просечниот фонд на часови за предавања е 3, би се добила оптовареност од околу 15 часа, што е поголем број од нормираниот обем кој што изнесува 8 часа неделно, на што треба да се додаде и дека дел од наставниците учествуваат и во изведувањето на вежбите (аудиторни и по групи). Просечната оптовареност на асистентите и демонстраторите е слична, со оглед на далеку помалиот нивен број (асистенти – 3; демонстратори – 13 во 2024/25, 15 во 2025/26) и работата по групи.

Прилози

Прилог 5.3.А. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на прв циклус на студии во 2024/25 и 2025/26

Прилог 5.3.Б. Преглед на предмети покриени во II циклус на студии - 2024-26

Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава на трет циклус на студии во последните две години

Прилог 5.3.Г. Правилник за систематизација на работните места на УКИМ во Скопје - Градежен факултет

Прилог 5.3.Д. Договори за вработување на 10 лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време

5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните две години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

При избори, реизбор и унапредувања на наставниците и соработниците, ГФ во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование (2018) и неговите измени (2021, 2024), и недвосмислено ги спроведува Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот и Статутот на ГФ.

Во последните две години се избрани 5 редовни професори (сите во 2024/25 год.) 4 вонредни професори (по два во 2024/25 и 2025/26), 8 доценти (еден во 2024/25, а седум во 2025/26), како дел од редовниот процес на напредување и потврден е изборот на вкупно 2 нововработени лица во асистенти (и двајцата во јули 2025 год.). На сите конкурси се јавило само по едно лице, со што нема лица кои не биле избрани.

Прилози

Прилог 5.4.А. Закон за високо образование (2018)

Прилог 5.4.Б. Измени на Законот на високото образование (2021, 2024)

Прилог 5.4.В. Правилник за избор во звања - УКИМ

Прилог 5.4.Г. Статут на ГФ

Прилог 5.4.Д. Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања во извештајниот период

Прилог 5.4.Ѓ. Листа на наставен кадар со линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните две години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Целокупната дејност на ГФ, освен теренската и практичната работа, со студентите се одвива во објектот изграден за таа намена во 1953 година, лоциран на бул. „Партизански одреди“ бр.24 во Скопје. ГФ располага со доволен простор за обавување на дејноста, со просечни услови за спроведување на сите планирани активности за наставата и солиден кабинетски простор на наставниот и соработничкиот кадар. Имено, вкупната површина на просторот за изведување на дејноста изнесува 12869 m^2, од кои вкупната површина на просториите (амфитеатар, училници и предавални) со кои располага факултетот е 1,561 m^2, додека површината на лабораториите е 1480 m^2.

Во делот на процесите кои се одвиваат редовно, наставно-образовните кадри имаат на располагање 1 амфитеатар (205 седишта), 10 предавални (421 седишта), 4 компјутерски лаборатории (98 седишта), 6

лабораторији, 61 кабинет за наставници и соработници, 19 канцеларии за административни и стручни кадри, библиотека, читална и сала за конференции.
Факултетот располага со акредитирана лабораторија за тестирање градежни производи, материјали и конструкции според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, за што е издаден сертификат за акредитација бр. ЛТ-062. Работата на лабораторијата се контролира со редовни годишни проверки на акредитираните методи и постапки и редовно се обновува сертификатот за нејзина акредитација. Лабораториите се организирани во корелација со наставниот процес и планираните активности за нејзино изведување. Нивната локација во рамките на факултетот е определена во зависност од просторните можности. Дел од мобилната опрема е од понов датум, обновена преку различни начини на финансирање, додека одредени лаборатории поседуваат делумно застарена опрема и опрема која не е во функција за примена во наставниот и научно-истражувачкиот процес (на пр., опремата во лабораторијата за хидраулика е речиси во неупотреблива состојба). Освен лабораторијата за конструкции и за асфалт и асфалтни конструкции, останатите лаборатории имаат ограничен пристап за возила и пренос на лабораториски материјали и опрема.
Со цел да се подобрат условите за студирање и престој на студентите, но и на вработените, согласно Статутот, покрај тековното одржување на факултетскиот простор (зграда, паркинг, двор), во текот на академската 2024/25 година беа преземени низа градежно-занатски активности од кои како позначајни можат да се издвојат:
- изведба на нова надворешна канализациона инсталација со специјална пумпа за спречување на поврат на надворешните отпадни води во северното крило и во халата за испитување на материјали и конструкции.
- комплетно реновирање на 6 санитарни јазли со електронски контролиран влез.
- отстранување на дополнително поставуваните прегради (на пр., за овозможување директна топла врска со приземјето од северното крило и зголемување степен на сигурност на зградата при непредвидени ситуации).
- комплетно реновирање на влезот, ходниците и скалишниот простор во северно крило.
- промена и унифицирање на надворешни врати од просторот пред кабинетите, изработка на вградени ормари за опрема и средства за одржување хигиена, промена на sидни облоги на подести, средување и чистење на светларници, поставување електронски контролиран влез и уредување на санитарни јазли.
- целосно реновирање на амфитеатарот (АМФ), училниците 1, 2, 3, 4, 130 и 131, и компјутерската училница (опремена е и со нови работни станици).
- реновирање на ходник во приземје на јужно крило.
- трансформација на училницата 76 во 4 канцеларии со претпростор за дел од административната служба.
- реновирање на ходник на прв кат во јужно крило.
- поставување нови светилки во ходниците кај АМФ, комјутерски центар и хидролабораторија.
- комплетно реновирање на двата кабинети кои претходно беа користени од службата за сметководство.
- поставување на надворешни платнени ролетни во деканат.
- замена на неколку модули од старата дрвена столарија со нови од ПВЦ.
- поставување на рефлектори за осветлување на паркингот и просторот пред главниот влез на ГФ и др.
Исто така, во изминатата година е направено и целосно реновирање на холот пред АМФ, ходникот пред неколку училници, просторот за центарот „Знаење+ CO_2-" и припадниот ходник, на кабинетскиот простор на Катедрата за механика и материјали и на дел од оној на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, како и поставување на надворешни сончеви ролетни на кабинети ориентирани кон исток и југ, замена на прозорци во сутеренски простор во северно крило, набавка и монтажа на поголем број клима уреди за училници и кабинети, и замена на светлечките тела во училницата 111.
Останатите простории како библиотека, сала за состаноци, канцеларии на стручниот кадар, дел од тоалетите, ходници и слично се со постар датум на обновување. Во текот на 2025/26 год. се започнати процеси на реновирање на училна 111 и делот преземен од ЗИМ во кој треба да се смести дел од лабораторијата на ГФ.
АМФ поседува просечни технички услови за користење дигитална технологија во процесот на наставата и обуките, со видео проектор, платно за презентации и систем за озвучување. Не постои компјутерски систем во просторијата, ниту пак мрежна поврзаност со останатите компјутерски капацитети. Слично, во најголем дел од предавалните постојат фиксно поставени видео проектори и платна за презентации, но нема компјутерски системи, ниту мрежна поврзаност со останатите компјутерски капацитети.
Библиотеката е со скромна површина и капацитет на библиотечна граѓа (дополнета со 16 наслови во текот на извештајниот период), без соодветен простор за нејзино користење од страна на студентите. Во функција на читална се користи една предавална, која по опожарувањето во 2021 година е целосно обновена и поседува современи услови за нејзино користење.
Во сите простории каде што се одвива наставата (освен во лабораториите), не постојат нагледни средства, ниту пак простор за изложување на различни помошни средства во функција на наставниот процес.
Факултетот располага со разновидна информатичка, лабораториска и др. вид на опрема опрема наменета за студентите, наставниот и ненаставниот кадар, а листа од пописот на опремата е даден во прилог, каде се наведени и електронските бази до кои е обезбеден пристап (е-библиотеки на ГФ и Cambridge University Press, Web of science, EBSCO, MSP списанија итн.).
Врз основа на спроведените анкети за општите услови за работа на наставниот кадар во текот на извештајниот период, може да се изведат неколку заклучоци за тековната состојба и потребните подобрувања на работната средина на факултетот:

- Просечната оценка 3,86 (во 2024/25) и 3,93 (во 2025/26) од 5,0 укажува на умерено задоволство со работните услови, при што медијаните потврдуваат дека резултатите се рамномерно распределени околу просекот.
- Распонот на оценки (3,05-4,43, и 3,25-4,70) укажува дека не постојат екстремно негативни или позитивни ставови, туку дека има умерени до позитивни перцепции за работните услови.
- Ниско е оценет пристапот до публикации, како и постапката за пријавување на истражувачки проекти.

Анкетата укажува на недостаток на административен кадар, хигиено-техничка служба, лаборанти и асистенти, што создава дополнителен товар за наставниците и влијае на ефикасноста на работењето.
Со тоа, се цени дека факултетот има обезбедено соодветни работни услови за наставниот кадар.

Прилози
Прилог 5.5.А. Попис на функционална информатичка, лабораториска и друг вид на опрема во установата
Прилог 5.5.Б. Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните две години (со вредност на опремата и изворот на финансирање)
Прилог 5.5.В. Преглед на релевантни електронски бази до кои е обезбеден пристап во установата
Прилог 5.5.Г. Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните две години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните две години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните две години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

Наставниот кадар од ГФ зема учество на работилници и настани организирани од УКиМ, како дел од професионалниот развој за стекнување на нови педагошки и технички вештини:

1. онлајн предавања: Strategic Foresight & Horizon Scanning Simplified: Anticipating Change in Academia and Innovation, 13.11.2025 (THE NEW WAY, Данска), 17.11.2025 (University Magdeburg-Stendal, Германија)
2. специјализирана обука наменета за кадарот на УКИМ. Introduction into Foresight Methodology – Scanning for Deep Tech Signals, Машински факултет, 18.11.2025 (меѓународни експерти);
3. Обука на тројца членови на Комисија за самоевалуација (21.4.2026 год., УКиМ)

Согласно Законот за високо образование, ГФ континуирано се залага за унапредување на сите процеси и можност за професионален развој на кадарот вклучен во наставниот процес. Учеството на соодветни обуки, тренинзи, симпозиуми и научни собири во насока на стекнување на нови иновативни методи кои може да се применат во наставниот процес се редовни активности кои во целост се поддржани од страна на факултетот и се дел од дејноста на сите вработени на ГФ. Сите овие активности се документирани во Годишните извештаи кои ги изработува Деканот за секоја учебна година.
Финансиски е подржано учеството на членови од ГФ на обуки кои се во функција на наставниот процес и работата на Лабораторијата на ГФ (на пр., Обука за мерење на звучна изолација согласно на стандардот ISO 16283-2-Изолација од ударен звук на меѓукатни конструкции).
Од друга страна, на Европската конференција за едукација во геотехника одржана во Нанси, Франција, во 2025 год., членови на Катедрата за геотехника публикувале искуства од развојот на студиската програма по геотехничко инженерство и дале препораки за надминување на предизвици.
Во континуитет во соработка на Комората за овластени архитекти и овластени инженери се организираат обуки за стекнување и проширување на своите компетенции и знаења, а наставниот кадар од ГФ активно учествува на истите (дел како предавачи, а дел како слушатели).

Прилози
Прилог 5.6.А. Закон за високо образование
Прилог 5.6.Б. Закон за научно-истражувачка дејност
Прилог 5.6.В. Годишен извештај 2023/24
Прилог 5.6.Г. Годишен извештај 2024/25
Прилог 5.6.Д. Публикуван труд на Европска конференција за образование во геотехника

5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните две години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на

реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).
ГФ покажува заложба за интеракции со странски професори, афирмирани стручњаци и експерти со покана за визитинг наставници од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиските програми. Во извештајниот период остварени се 21 гостување на реномирани професори и научни работници кои својот престој го обележале со соодветни предавања и истражувачка работа во областа на својата експертиза. Станува збор за наставен и истражувачки кадар од бројни европски земји, како: Германија, Италија, Турција, Србија, Словенија, Грција, Словачка, Велика Британија, Португалија и Норвешка. Со нив е даден придонес кон сите студиски програми (градежништво, геодезија, геотехника), на сите три циклус на студии. Со предавањата биле опфатени современи теми во кои, покрај на напредни постапки за истражувања, набљудување и моделирање на конструкции, се става акцент на заштита на животна средина, како, на пр.: аеродинамика на згради преку моделски испитувања во ветерен тунел; лушпести соларни кули; визии за развој на челични конструкции; модернизирање на геодетски системи; еколошки алтернативи на бетон во вид на 3Д бетон и бетон од рециклиран агрегат; самозајакнувачки градежни материјали што вклучуваат отпадни материјали; примена на податоци од теренски мерења при донесување одлуки во геотехничкото инженерство; управување со ризици од свлечишта во земји со развиени системи за рано предупредување од непогоди; еколошки и инженерски аспекти на ползување на вегетација при стабилизација на косини итн.	
Прилози Прилог 5.7.А. Листа на визитинг наставници Прилог 5.7.Б. Биографии на ангажираните визитинг наставници Прилог 5.7.В. Пример за вклучување на експерт од пракса и гостин-професор од странство во настава	
5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.
Според својата организираност, дејноста на ГФ се базира на активности кои недвосмислено условуваат поврзаност на наставните и научните институции во земјата и во странство. Факултетот, преку своите вработени остварува соработка со реномирани универзитети, факултети и институции и истакнати професори од странство (повеќе од 65 поединечни соработки на наставниот кадар се активни), кои придонеле до соработки со странски институции на странски проекти, за што сведочат бројните активности на академскиот кадар на факултетот на меѓународен план. Во текот на извештајниот период остварени се 30 студиски посети, а наставниот кадар бил директно вклучен во организирање на преку 15 домашни, регионални и меѓународни конференции и на речиси 30 работилници. Воедно, преку својот кадар, ГФ учествува во проектирање, надзор и консултански услуги на 8 проекти во изминативе две години. Согласно законските норми, формиран е Одбор за доверба и соработка со јавноста со чија работа се придонесува во подобрување на квалитетот на реализација на наставно-образовниот, научноистражувачкиот процес и апликативните дејности на факултетот. Со цел да се поттикне научната работа и да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката донесена е Одлука за финансиска поддршка за објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание. како и Одлука за финасиска поддршка на научноистражувачки проекти. Како резултат, во последните две години се реализирани или се во тек на изработка 49 научни проекти, финансирани од различни извори. За сите учесници во научноистражувачки проекти финансирани од Horizon Europe, Horizon 2020, Euratom, Marie Skłodowska-Curie Actions и COST Actions Open Research Europe (ORE), новата платформа на Европската Комисија, им обезбедува лесно објавување на нивните резултати (Scopus indexed). Изнесеното претставува значајна основа за унапредување на поврзаноста меѓу наставата и науката бидејќи истражувачките теми опфаќаат современи области релевантни за градежното инженерство, како одржливо и циркуларно градежништво, иновативни и нискојаглеродни материјали, климатска отпорност, енергетска ефикасност, сеизмичка безбедност и одржлива инфраструктура. Дел од проектите се насочени кон примена на машинско учење, вештачка интелигенција и современи методи за обработка и анализа на податоци, со што се отвора простор за внесување на нови научни и технолошки содржини во наставата. Истражувањата во областа на мониторингот на инфраструктурата, водните ресурси и управувањето со природните ризици дополнително придонесуваат наставата да биде поврзана со актуелни инженерски предизвици. Вклучувањето на повеќе наставници и соработници во заеднички истражувачки активности создава услови за интердисциплинарен пристап и пренесување на научните сознанија во наставниот процес. Учеството во COST и други меѓународни истражувачки мрежи овозможува следење на современите научни достигнувања и нивно постепено интегрирање во наставните содржини и студентските истражувачки активности. На овој начин, научноистражувачката дејност претставува значаен ресурс за осовременување на наставата, развивање истражувачки компетенции кај студентите и поврзување на стекнатите знаења со актуелните потреби и предизвици во градежниот сектор.	

Преку поддршка на Министерството за образование и наука, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а со тоа и ГФ, доби институционален пристап до една од најрелевантните и најкористени индексациски научни бази на податоци во светот – Web of Science на Clarivate Analytics. Овој пристап претставува клучен ресурс за унапредување на научноистражувачката дејност на нашиот Универзитет, овозможувајќи:

- Пребарување и пристап до висококвалитетни и индексирани научни публикации;
- Следење на најновите научни трендови и истражувања на глобално ниво;
- Алатки за анализа на цитираност и истражувачки импакт;
- Анализа на мрежи на истражувачи и институции кои работат на слични теми, со цел понатамошно вмрежување при изработка на научни трудови, проекти и аплицирање за меѓународно финансирање.

На ова треба да се додаде и дека како резултат од менторирањето на студентите при изработка на дипломски и магистерски работи, често се публикуваат трудови на конференции од различен ранг и во журнали: 15% од рефератите објавени во зборници од конференции и 5% од оние публикувани во списанија се резултат од соработка со студенти на I и II циклус на студии.

Преку Министерството за образование и наука задолжено за COST акциите, редовно се праќаат информации за листата на новоодобрени COST акции, како и поддршка за учество на нив.

Редовно се држат онлајн обуки и вебинари за информирање и поддршка на наставниот кадар за учество на меѓународни проекти:

- вебинар „Reconnecting through Erasmus+: KA2 Cooperation for UK & EU Universities“, организиран од UNICA – Мрежа на универзитети чија членка е и УКиМ, за можности за соработка во рамки на Erasmus+ (KA2), во контекст на најавеното приклучување на Обединетото Кралство (ОК) кон програмата Erasmus+ од 2027 год. (презентација на акции, модели на финансирање, критериуми за учество и евалуација, можности за воспоставување нови партнерства со универзитети од ЕУ и ОК) (19.5.2026 год.).
- обука „Хоризонт Европа – работни програми 2026–2027 и насоки кон FP10: Практична обука за успешна подготовка и поднесување предлог-проекти“, амфитеатар на ГФ, 24.04.2026.
- онлајн работилница посветена на грантови на Европски совет за истражување (ERC), реализирана од обучувачи од Универзитетот во Умеа, Шведска, во рамките на проектот Wide AcrossEU, финансиран од програмата Horizon Europe, 23-24.04.2026.

На таков начин, на ГФ континуирано се негува силна релација помеѓу наставата и науката.

Прилози

Прилог 5.8.А. Листа на студиски посети
Прилог 5.8.Б. Листа на конференции/симпозиуми на кои Гф е организатор/коорганизатор
Прилог 5.8.В. Листа на работилници
Прилог 5.8.Г. Листа на универзитети со кои соработува ГФ
Прилог 5.8.Д. Листа на соработка со странски институции на странски проекти
Прилог 5.8.Ѓ. Одлука за формирање и избор на претставници во Одбор за соработка и доверба со јавноста
Прилог 5.8.Е. Одлука за финансиска поддршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание
Прилог 5.8.Ж. Одлука за финасиска поддршка на научноистражувачки проекти
Прилог 5.8.З. Листа на научноистражувачки проекти
Прилог 5.8.S. Пример за реферат публикуван на домашна конференција произлезен од магистерски труд
Прилог 5.8.И. Пример за реферат публикуван на регионална конференција произлезен од магистерска и дипломска работа

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

Како високообразовна институција, ГФ ја поттикнува можноста за унапредување на постојните и воведување на нови иновативни методи во наставата. Покрај традиционалниот начин на совладување на предвидениот наставен програм (класични предавања и аудиторни вежби), во наставниот процес се воведуваат нови техники за интерактивно учење и совладување на наставниот материјал. Овие наставни техники се спроведуваат со воведување на тимска работа на проекти (семинарски, програми), истражување од зададена област и презентирање на истражуваната тема со јавна презентација, пред колегите за I циклус и II циклус, и пред комисија за докторските студии за студентите од III циклус. Овој начин на спроведување на наставниот процес кај студентите поттикнува развој на: комуникациски и меѓучовечки и лични вештини кои директно влијаат на професионалноста, аналитички вештини кои влијаат на донесување одлуки при професионалниот развој на студентите и деловни вештини кои, пак, се одразуваат врз креативноста на студентите.

Во совладување на наставните програми и изработка на програмски задачи и семинарски трудови (особено за стручните предмети), покрај стандардното опкружување (MS Office), се стимулира примена на современи софтверски алатки: Matlab, AutoCAD, Land Development, Civil 3D, Plateia, Water gems, Epanet, DTREG, GIS, Arc Map, HEC-Ras, Hec-HMS, HEC-SSP, HEC Ressim, Sofistik, Geoslope, Autodesk Robot Structural Analysis, Python, Radimpex Tower, SAP2000, Geotec office, SPW, PLAXIS 2D / 3D, Rocscience, GEO5, LimitState, Sofistik, Tower, COMSOL Multiphysics, SAP2000, Radimpex Tower, ArmCAD, Idea Statica, Insul итн., вклучувајќи и за BIM технологија. Истите се набавуваат преку средства од ГФ и катедарски, кои лиценци редовно се обновуваат.

Факултетот има лиценци за далечинско учење, организирање на видеоконференции, видеоработилници, онлајн семинари, предавања од далечина на повикани професори од странство и сл.
Во рамките на наставниот процес, со цел да се унапреди наставниот процес и комуникацијата со студентите, уште од пандемијата се користат платформите Moodle, Canvas, Piazza и специјализирана платформа за изведување на испити Exam. После пандемијата комуникација со студентите продолжи преку дигиталната платформа ILearn, која се користи за споделување на презентации, материјали и видеа.
Како дополнителни наставни методи се редовните посети на градилишта, погони за развој на материјали за градежништвото, институции кои имаат поврзаност со градежништвото и сл., каде студентите може на лице место да се запознаат со условите за работа и процесот на реализација на проектите.
Наставниот кадар континуирано зема учество на обуки кои се во функција на зајакнување на капацитетот за предвидување на идни трендови и интеграција на иновативни пристапи во наставата, истражувањето и управувањето, преку запознавање со методологијата на стратешко предвидување и скенирање на технолошки сигнали, како, на пр.:

1. онлајн предавања: Strategic Foresight & Horizon Scanning Simplified: Anticipating Change in Academia and Innovation, 13.11.2025 (THE NEW WAY, Данска), 17.11.2025 (University Magdeburg-Stendal, Германија);
2. специјализирана обука наменета за кадарот на УКИМ. Introduction into Foresight Methodology – Scanning for Deep Tech Signals, Машински факултет, 18.11.2025 (меѓународни експерти).

Прилози
Прилог 5.9.А. Листа на остварени студиски престои на наставниот кадар
Прилог 5.9.Б. Биографија на експерт од пракса вклучен во обучување на студенти за користење на софтвер и примена на напредни модели
Прилог 5.9.В. Листа на конференции/симпозиуми на кои Гф е организатор/коорганизатор

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните две години).

Согласно член 19 и 20 од Етичкиот кодекс, Градежниот факултет не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат, за што се грижат сите инволвирани во наставниот процес. Соодветно, при поднесувањето на трудови во рамките на наставно-образовниот процес, а посебно во делот на магистерски и докторски трудови, се бара од кандидатот да поднесе соодветна изјава за оригиналност, во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплинска постапка од страна на Дисциплинската комисија. Од страна на менторите на магистерските и докторските трудови, истите се проверуваат во системот за плагијат.
Во рамките на редовниот наставно-образовен процес, Дисциплинската комисија на ГФ спроведува постапки за санкционирање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата.

Прилози
Прилог 5.10.А. Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата
Прилог 5.10.Б. Одлука за Дисциплинска комисија

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Согласно Законот за научно-истражувачката работа, ГФ работи континуирано на стимулирање и подобрување на условите за научно-истражувачката работа на наставниот кадар. Во тој поглед се донесени одлуки за финансиска поддршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание и Одлука за финансиска поддршка на научноистражувачки проекти. Согласно втората, досега се донесени две одлуки за поддршка на научно-истражувачки проекти:

1. Сеизмичка повредливост на АБ рамки со исполна од ѕидарија (MASIF) во соработка со Градежниот факултет од Приштина, 01.06.2026-31.05.2028
2. Бетон со ниска емисија на CO_2 - аспекти на трајност, 26.11.2024-25.11.2025

Наставниот кадар има обврска да ги евидентира соодветно сите активности во делот на научно-истражувачката работа во текот на годината. Согласно член 5 од Правилникот за видливост на УКИМ, наставниот кадар задолжително треба да отвори кориснички профили на соодветните мрежи и пребарувачи на научни истражувања и публикации *(Google scholar, Research gate, ORCID* и сл.). Во таа насока сите информации се поставени директно на веб страницата поединечно, како информација вклучена на профилите на веб страницата. Сите активности во овој дел се видливи онлајн.
Во рамките на извештајот за работата на Деканот на Градежниот факултет се сумираат сите активности за наставниот кадар во областа на наставно-истражувачката работа за претходната година.
На годишно ниво, Советот за квалитет на факултет донесува Годишен акциски план (ГАП), во кој се дадени мерки за подобрување на одредени индикатори, вклучувајќи и оние поврзани со научно-истражувачка дејност,

со предлог за достигната вредност. Исходот се изнесува во Извештај за реализација на ГАП, после што се подготвува следен ГАП и барани вредности. Притоа, се следат индикаторите како: предвидени и реализирани финансиски средства за научно-истражувачка работа; број на објавени трудови во списанија индексирани во WoS и Scopus; опремување на лаборатории; број на тековни меѓународни проекти и др.

Прилози

Прилог 5.11.А. Одлука за финансиска поддршка на објавување на научноистражувачки и стручни трудови во списанија со фактор на влијание
Прилог 5.11.Б. Одлука за финасиска поддршка на научноистражувачки проекти
Прилог 5.11.В. Правила за видливост на УКИМ
Прилог 5.11.Г. Годишен извештај 2023/24
Прилог 5.11.Д. Годишен извештај 2024/25
Прилог 5.11.Ѓ. Листа на научно-истражувачки проекти во последните две години
Прилог 5.11.Е. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации
Прилог 5.11.Ж. Годишен акциски план за 2024-2025
Прилог 5.11.S. Извештај за реализација на ГАП 2024-2025
Прилог 5.11.И. Годишен акциски план за 2025-2026

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки

Научноистражувачката работа на наставниот кадар на ГФ е во рамки на можностите - економски, просторни, кадровски. Истите се во насока на продлабочување на научните истражувања во областа на градежништвото, но се тесно поврзани и со можноста истите да бидат применливи во насока на локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Научноистражувачката работа се состои од учества во проекти кои се директно поддржани од стопански субјекти кои резултатите од истражувањата ги користат во сопствени развојни програми и компании. Во изминатите години се одобрени и/или изработени неколку научноистражувачки проекти во соработка со стопанството:

1. Одржливи партнерства за иновации базирани на примена на циркуларните и нано материјали во преработувачката индустрија, проект финансиран од Министерството за економија, 2023, членови од ГФ во соработка со партнери од стопанството: „АДИНГ“ АД за производство и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи - Скопје, УКиМ Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје, Градежен институт „Македонија“ АД Скопје, Друштвото на градежните конструктори на Македонија Скопје, Приватна научна установа Институт за истражување во животна средина, градежништво и енергетика Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги „АКРОН“ ДОО увоз-извоз Скопје, Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ – Радика АД Дебар.
2. Анализа на природни изотопи во врнежи, површински и подземни води - научноистражувачки проект финансиран од Министерството за наука и образование на РСМ, 2025, членови од ГФ во соработка со УХМР и ЈП Водовод и канализација, Скопје.

Можностите и професионалните вештини за соработка на наставниот кадар и стопанството во континуитет се подобруваат преку учество на работилници на таа тема (на пр., Од амфитеатар до реализација, ГФ во соработка со стопански субјекти од Македонија, 26.05.2026).

Како препознаена вредност на соработката на стопанството и ГФ е и континуираната валидација на изработените научни трудови од страна на наставниот кадар како ментори на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти со континуирано наградување на најдобро изработените трудови на годишно ниво („АДИНГ“ АД, Комора за овластени архитекти и инженери на Македонија, Чакар Партнерс, ГИМ, Прима и др.)

Соработката се надградува и дополнува со соодветни предавања посветени на студентите од страна на компаниите со кои ГФ има склучено меморандуми за соработка (на пр., „Проектен менаџмент: динамика и предизвици“, г-дин Baker, проект-менаџер и г-дин Atilla, заменик проект-менаџер и менаџер за изведба во конзорциумот Bechtel & Enka; регионален натпревар на студентски проекти, во организација на Bechtel & Enka, одржан во Белград; ГФ во соработка со ИЕГЕ организира промотивна активност / хакатон „Циркуларно градежништво - младински идеи за одржливи градби“, 30.12.2025, и др.).

Соработката со странските компании преку учество на странски проекти (проектирање, надзор, консултанти и сл.) е исто така на завидно ниво и доказ дека кадарот кој учествува во изведба на наставната програма на ГФ е конкурентен и на странскиот пазар, а искуствата од овие соработки несебично се споделуваат со студентите.

Градежништвото и студиските програми на Градежен факултет – Скопје се комплементарни со приоритетите и целите утврдени во релевантните национални стратешки документи. Особено значајна е усогласеноста со Националната развојна стратегија 2024–2044, која поставува приоритети поврзани со развој и модернизација на транспортната инфраструктура, просторното и урбанистичкото планирање, одржливоста и климатската отпорност. Студиските содржини од областа на конструкциите, геотехниката, транспортната инфраструктура, водите, материјалите и управувањето со ризици овозможуваат развој на компетенции релевантни за реализација на овие национални приоритети. Дополнителна поврзаност постои со националните политики во областа на климатските промени и одржливиот развој, особено во делот на енергетската ефикасност, намалувањето на емисиите, отпорната инфраструктура и рационалното користење на ресурсите. Воедно, националните планови во областа на транспортот и градежништвото ја нагласуваат потребата од развој и модернизација на инфраструктурната мрежа, што создава директна потреба од високообразуван и стручно компетентен инженерски кадар. Научноистражувачката дејност на ГФ дополнително ја зајакнува оваа поврзаност преку истражувања во области како одржливи материјали, климатска отпорност, дигитализација, сеизмичка безбедност и инфраструктура.

Прилози

Прилог 5.12. Стручна соработка со странски институции на странски проекти

СТАНДАРД 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
Индикатор	**Документација**
6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)

Финансиските средства неопходни за реализација на високообразовната, научноистражувачката, применувачката и останатите активности, Градежниот факултет (ГФ) ги обезбедува преку различни извори на финансирање:


- Буџет на Република Северна Македонија, преку Министерството за образование и наука (МОН): плати и придонеси, научни проекти, режиски трошоци, отпремнини;
- Самофинансирање: партиципација од студенти, применувачка дејност, услуги кон трети лица, договори за консултантски услуги, донации и други извори во согласност со позитивната законска регулатива.


Факултетот управува и располага со приходите согласно намената во финансиските планови, во склад со законските прописи, Статутот на ГФ и Статутот на универзитетот. Финансиските средства за остварување на својата основна дејност се планираат и остваруваат согласно годишната програма за работа на факултетот која што на предлог на Деканот ја усвојува Наставно-научниот совет.


Буџетските средства се обезбедуваат и користат за покривање на плати и придонеси на вработените, трошоци за комунални услуги и парно греење, научни проекти и отпремнини за пензионирани лица. Средствата што ги остварува ГФ од самофинансирање се користат за реализација на високообразовната, научноистражувачката, применувачката и сите останатите активности во полето на образование и наука, но и за тековно одржување на недвижниот и движниот имот со кој располага ГФ, канцелариски материјали, обновување и реконструкција на училниците и просториите, опремување на лабораториите, усовршување на кадарот преку котизации за учества на конференции и семинари, патни трошоци и трошоци за сместување, информатичка опрема и услуги и слично.


Во продолжение претставена е графичка илустрација на движењето на остварените приходи од буџетски средства и приходи од самофинансирање, финансирање на факултетот, приходи од апликативни проекти и партиципации со кои располага факултетот и приходи од партиципации на студенти по циклуси во периодот од 2021 до 2025 година.














Во 2024 година факултетот остварил вкупни приходи од 207,247,807 ден. (сопствени: 109,257,201 ден.). Вкупните расходи за 2024 година изнесуваат 182,854,264 денари (сопствени: 84,863,658 ден.). Во 2025 година ГФ остварил вкупни приходи од 198,936,108 денари (сопствени: 78,321,842 ден.). Вкупните расходи за 2025 година изнесуваат 190,863,500 денари (сопствени: 70,249,234 ден.).

Приходите во 2025 год. се за 4% помали во однос на 2024 год. и покрај големото зголемување на приходите од МОН од 97,990,606 на 120,614,266 ден., т.е. за 23%, кои во најголем дел се за плати и надоместоци и придонеси од плати, а се должат на покачувањето на платите во 2025-та во однос на 2024-та. Имено, приходите од сопствени средства се намалени уште повеќе, односно за 28%. Вреди да се напомне дека за научни проекти во 2025-та МОН издвоило 875,054 ден., што е за 3003% повеќе во однос на 2024 год. кога се издвоени само 28,200 ден.

Во 2024-та за семинари и конференции ГФ издвоил 661,790 ден. на факултет и 264,300 ден. на катедри, односно 926,090 денари, што е 0,8% од сопствените приходи. И во оваа табела издвојувани се средства за патни трошоци 1,153,049 ден., дневници 62,210 ден., потоа телефон и др. За семинари и конференции во 2025-та факултетот издвоил 156,346 ден. по катедри и 326,709 на факултет, т.е. 483,055 ден., што е 0,6% од сопствените приходи, а издвоени се и 70,000 за членарина за симпозиуми, како и средства под ставка сместување и патни трошоци во износ од 943,256 ден., потоа телефон, транспортни трошоци, копирање и др.

За финансирање на научноистражувачката дејност во 2025 год., ГФ издвоил 0,9% од вкупните приходи и 2,4% од сопствените приходи. Во периодот 2021–2025 овие проценти се променливи и се движат помеѓу 0,9% и 2,8% (просек=1,6%) од вкупните приходи и 2,2% и 5,0% (просек=3,0%) од сопствените приходи. Во однос на расходите, издвојувањата за научноистражувачката дејност во 2025 год. изнесуваат 1,0% од вкупните расходи, односно 2,7% од расходите од сопствени извори на финансирање. Во истиот период, овие проценти се движат помеѓу 1,0% и 3,1% (просек=1,9%) од вкупните расходи, и 2,7% и 5,7% (просек=3,8%) од расходите од сопствени средства.

Прилози Прилог 6.1.А. Завршна сметка за 2025 Прилог 6.1.Б. Завршна сметка за 2024 Прилог 6.1.В. Завршна сметка за 2023 Прилог 6.1.Г. Завршна сметка за 2022 Прилог 6.1.Д. Завршна сметка за 2021	**Прилози** Прилог 6.1.Ѓ. Годишна програма и финансиски план за 2026 Прилог 6.1.Е. Годишна програма и финансиски план за 2025 Прилог 6.1.Ж. Годишна програма и финансиски план за 2024 Прилог 6.1.З. Годишна програма и финансиски план за 2023 Прилог 6.1.S. Годишна програма и финансиски план за 2022
6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните две години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Вкупната бруто површина на објектот и дворната површина во кој што, покрај ГФ, делува и Архитектонскиот факултет (АФ), изнесува 14,170 + 1,105 = 15,275 m^2 (од кои 1,105 m^2 е површина на парцела под нефункционален простор, т.н. печатницата). Вкупната катна површина на просторот за изведување на дејноста изнесува 12,869 m^2, на што, според имотниот лист, се додава и нефункционален простор (т.н. печатница) во износ од 895 m^2 (1,105 m^2 е површина на катастарската парцела). Вкупната површина на просториите (амфитеатар, училници и предавални) со кои располага ГФ изнесува 1,561 m2, додека површината на лабораториите заедно со новодобиениот простор на Заводот за испитување материјали (ЗИМ) во износ од 625 m^2, е 855 + 625 = 1,480 m^2. Дејноста се изведува во еден амфитеатар со 205 седишта, 12 предавални со вкупно 521 седиште, компјутерски центар и 8 лаборатории. Покрај просториите за одвивање на наставната и лабораториската дејност, ГФ располага и со:

- 61 кабинет за наставен и соработнички кадар со вкупна површина од 1,624 m^2,

- 19 канцеларии за административниот и стручниот кадар,
- библиотека со површина 86 m^2,
- Сала за конференции, санитарни јазли, подрумски дел, ходниците и слично, со вкупна површина од 4,541 m^2,
- Неупотребливи и руинирани простории од еднокатен објект во дворот на ГФ („печатница“) со вкупна површина 895 m^2 (по 447.5 m^2 за ГФ и АФ).

Факултетот располага со разновидна информатичка опрема наменета за студентите, чиј детален опис е даден во прилог. Во одделението за информатичка и компјутерска технологија (ИКТ) нема вработено лице, а за потребите на наставата во компјутерските училници и тековното одржување на компјутерските уреди и мрежната поврзаност на ГФ ангажиран е надворешен соработник кој се исплаќа од сопствените средства. Во 2025 година компјутерскиот центар е целосно реновиран и опремен со нови и современи единици, со што се значително подобрени условите за реализација на планираните наставни активности. Новата компјутерска опрема располага со современи перформанси и соодветни капацитети за брзо и ефикасно компјутерско процесирање, овозможувајќи непречена примена на современи специјализирани софтверски пакети од областа на градежништвото. На факултетот има и други две училни со компјутери за работа на студентите. Софтверите редовно се ажурираат и надградуваат. Низ просториите на факултетот достапна е Wi-Fi врска со пристап кон интернет за сите студенти и вработени.

ГФ има функционална библиотека со скромна површина и капацитет (околу 16,000 книги и друг формат на библиотечна граѓа), а во неа е вработен еден советник за библиотечно работење. Институцијата не располага со соодветен простор за користење на библиотеката од страна на студентите, како читална и работен простор, па за таа намена се користи една од предавалните. Администрирање на функциите на библиотеката е поддржано со софтверски пакет изработен од факултетот, а постои онлајн програм за читање електронски книги со скромна понуда на наслови. Насловите во библиотеката одговараат за студиските програми на ГФ, но се забележува недостаток на странска литература соодветна за програмите. Пописот на библиотечниот фонд до 2024-та е даден во прилог 6.2. Б., додека од 2024-та во прилог 6.2. В..

За учење од далечина, факултетот применува алатки за комуникација и соработка: Microsoft Teams (достапен за сите вработени во бесплатна верзија) и системот iLearn базиран на системот за учење Moodle, како и системот iKnow, студентски сервис за потписи, оценки, пријавување испити и сл., развиени и одржувани од Универзитетот или обезбедени од ГФ (е-библиотеки на ГФ и Cambridge University Press, MSP списанија и сл.).

Ресурсите за учење се достапни за сите запишани студенти, но не постојат посебни прилагодувања за лицата со посебни потреби. Во моментот, не студираат лица со посебни потреби. За физички пристап до ресурсите на лица со телесна попреченост, постојат вертикален и косодвижечки лифт, и подни ознаки за лица со потешкотии во видот.

Одржувањето и мониторингот на техничките ресурси се извршува од сите инволвирани страни, со посебен акцент на продеканите и референтот за ИТ технологија, а евиденцијата се бележи преку годишни пописи на опрема.

Прилози
Прилог 6.2. А. Имотни листови
Прилог 6.2. Б. Попис на библиотечен фонд 2019-2024 и извадок од вкупен фонд
Прилог 6.2. В. Попис на библиотечен фонд 2024-2026
Прилог 6.2. Г. Попис на информатичка опрема

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите две години (со наведен период).

Ненаставниот кадар на факултетот е организиран во 5 одделенија, соодветно поставени за извршување на предвидената работа и остварување на барањата на целокупната дејност на факултетот. Структурата на ненаставниот кадар според систематизацијата на факултетот, со опис на работните позиции и бројот на вработени

лица, актуелна за извештајниот период, е претставена во прегледите во прилог. Вкупниот број на редовно вработени лица во стручните и административните служби и помошно-техничките лица е 11, односно 16,4 % во однос на вкупно вработените на факултетот (67 лица). За извршување на обврските во Одделението за правни и општи работи, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за ИКТ и Службата за хигиена, факултетот ангажира уште 6 лица со договор на дело.

Поради рестриктивниот однос на државата за вработување на административен кадар и лаборанти, веќе реализираните пензионирања на раководителот во Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и ограничените можности за обезбедување кадровски и останати капацитети од сопствени приходи, постои ризик за нарушување на нормалното функционирање на факултетот.

Детална анализа на пополнетоста на систематизираните работни места (прилози 6.3.А и 6.3.Б) покажува дека кадровскиот дефицит е особено изразен. Од четирите раководни работни места на одделенијата, пополнето е само она во Одделението за студентски прашања, додека Одделението за правни и општи работи, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и Одделението за ИКТ функционираат без раководител. Одделението за ИКТ нема ниту едно редовно вработено лице (0 од 3 систематизирани работни места), па целокупното одржување на информацискиот систем на факултетот зависи од едно лице ангажирано со договор на дело. Во Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење пополнето е само едно од четирите систематизирани работни места (самостоен референт за сметководствени работи), работите за јавни набавки се извршуваат од лице ангажирано со договор на дело, а работното место самостоен референт за благајна е непополнето. Во Одделението за правни и општи работи непополнети се, покрај раководното, и работните места советник за деловно работење (покриено со договор на дело), самостоен референт администратор, копирант, економ-домаќин и чувар, а во Службата за хигиена се вработени само 3 од 11 систематизирани хигиеничари, дополнети со 3 лица ангажирани со договор на дело. Целосно пополнети се единствено Одделението за студентски прашања и Библиотеката.

Ваквата состојба значи дека повеќе клучни функции на факултетот се потпираат на едно единствено лице, без обезбедена замена при отсуство, или на лица ангажирани со договор на дело, со што не се обезбедуваат континуитет, институционална меморија и навремено извршување на законските обврски (финансиско и сметководствено работење, јавни набавки, архивско и канцелариско работење, одржување на информацискиот систем). Затоа, за нормално функционирање на факултетот и за целосно и навремено завршување на предвидените работни обврски, неопходни се нови вработувања во ненаставниот кадар, и тоа приоритетно: раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и самостоен референт за благајна, најмалку едно редовно вработено лице во Одделението за ИКТ, советник за јавни набавки, како и дополнителен помошно-технички персонал во Службата за хигиена.

Ненаставниот кадар ја врши својата работа на подеднаков начин и квалитет за сите студенти во рамките на своите надлежности во текот на работното време. Посебно работно време за вработени студенти нема, но ненаставниот кадар комуницира преку е-маил со студентите.

Согласно со Статутот на факултетот и Правилникот за систематизација на работните места на факултетот, бројот на административни службеници според категориите и нивоата на работни места изнесува 17 (кат. А, Б, В и Г), а бројот на помошно-техничките лица (кат. А, подгрупи 1, 2 и 5) изнесува 15. Очигледно е дека моменталниот број на вработени во овие категории е далеку под утврдениот број според Правилникот за систематизација (пополнетост од само 34,4 %, односно 11 пополнети од вкупно 32 систематизирани работни места). Од анализа на анкетата на стручно-административниот кадар може да се издвојат неколку категориии на мерки за подобрување на работата на стручно-административниот кадар, како Приоритетни мерки (Подобрување на хигиенските услови; Реновирање на канцелариите и создавање на поквалитетна работна средина; Обнова на компјутерската опрема во службата; Зголемување на бројот на вработени во стручно-административниот кадар каде што евидентно недостасуваат работници; Воведување систем за редовна евалуација на перформансите на стручно-административниот кадар; Развивање на програми за професионален развој и обуки за стручно-административниот кадар; Дигитализација на работењето и сл.), Организациски подобрувања (Подобрување на комуникацијата и соработката меѓу административните вработени; Воведување на поефикасни работни процеси; Зајакнување на улогата на раководителите во решавањето на проблемите на вработените) и Долгорочни стратегии (Создавање на систематски пристап за управување со човечките ресурси во административната служба; Редовно следење на задоволството на стручно-административниот кадар; Интегрирање на стручно-административната служба во процесите на континуирано подобрување на факултетот).

За извештајниот период, дел од ненаставниот кадар посетувал 3 обуки за развој на сопствените компетенции. Во овие обуки учествувале 3 лица – две редовно вработени (двете од Одделението за правни и општи работи) и едно лице ангажирано со договор на дело – со што опфатот на редовно вработените со обуки изнесува само 18,2 % (2 од 11). Се заклучува дека е потребна поголема вклученост на ненаставниот кадар во обуките за развој на сопствените компетенции, и тоа од сите одделенија на факултетот.

Прилози
Прилог 6.3. А. Преглед на стручни и административни служби
Прилог 6.3. Б. Преглед на вработени и ангажирани лица во стручни и административни служби

Прилог 6.3. В. Правилник за систематизација на работните места на Градежниот факултет во Скопје
Прилог 6.3. Г. Попис на обуки за ненаставен кадар

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите две години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Во извештајниот период на ГФ се реализираат два научноистражувачки проекти финансирани од МОН: „Можности за употреба на одржливи композитни материјали со отпадна гума во паметни згради и инфраструктура“ (RubberWorld) и „Анализа на природни изотопи во врнежи, површински и подземни води“. Во проективе се вклучени и земаат активно учество вкупно 9 студенти од факултетот, од кои еден е од I, шест се од II, а два се од III циклус на студии. Воедно, ГФ ги финансира истражувањата „Отпорност на карбонизација на традиционални и бетони со ниска емисија на CO_2“ и „Сеизмичка повредливост на АБ рамки со исполна од sидарија (MaSIF)“ во кои учествуваат по двајца студенти од III и еден студент од II циклус на студии.

Земајќи ги предвид парцијалните броеви на студенти во последната учебна година (2025/2026), процентуалната застапеност на студенти во научноистражувачки проекти по циклуси на студии изнесува:

- Вкупно студенти на 1. циклус = 434; вклучени студенти = 1 → застапеност = 0,2%
- Вкупно студенти на 2. циклус = 344, вклучени студенти = 8 → застапеност = 2,3%
- Вкупно студенти на 3. циклус = 22; вклучено студенти = 6 → застапеност = 27,3%

На таков начин, 15 студенти се вклучени во научно-истражувачки проекти кои се реализираат на факултетот, што изнесува два проценти од вкупниот број на студенти по сите циклуси. Во рамките на проектите: се подготвени низа на проби од композити (бетон-гума; почва-гума) заради истражување можности за употреба на гума од медицински ракавици и од автомобили во најчесто користени градежни материјали, како што се бетон, малтер и почва, со цел нивно вградување во градежни конструкции (станбени згради и транспортна инфраструктура); се посетуваат повеќе водотеци низ Македонија за теренски и лабораториски испитувања со кои се бараат податоци за потеклото, движењето и меѓусебната поврзаност на атмосферските, површинските и подземните води, итн.
Споредено со претходниот извештај, навидум се забележува дека процентуалната застапеност на студентите во истражувањата е намалена, но што делумно се должи на разгледуваниот период: пет наспроти две години. Сепак, наставниот кадар, во рамките на расположивите можности, обезбедил нивно ангажирање во националните истражувања, додека вклучување на студенти на меѓународни проекти е посложена постапка, која е ограничена со конзорциумски договори.

Прилози
Прилог 6.4. Преглед на студенти вклучени во научно-истражувачки проекти 2024-2026

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните две години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните две години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните две години.

Кариерната подршка на студентите се одвива преку центрите за кариера чиј состав, организација, делокруг и начин на работа е регулиран со Правилникот за центар на кариера на УКИМ. Центарот на кариера (ЦК) е внатрешна организациона единица на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје без својство на правно лице, кој го сочинуваат центрите за кариера на единиците на Универзитетот, од кои една единица е Центарот за кариера на Градежниот факултет. Центарот на кариера на единицата настапува во име и за сметка на единицата. На ниво на Универзитетот се формира Совет за Центарот за кариера кој го сочинуваат раководителот на центарот за кариера, координаторите на центрите за кариера и двајца претставници од студентите. Центарот на кариера на единицата го сочинуваат членови од редот на наставен и ненаставен кадар и студенти чиј број го утврдува единицата.

Центарот за кариера на Универзитетот во рамките на своите надлежности ги врши следниве работи:
- подготвува стратегија за развој на Центарот за кариера со акционен план и буџет,
- организира практиканство и прв пристап на студентите до пазарот на трудот како и вмрежување,
- организира работилници за кариерно советување и развој на бихејвиористични вештини на студентите и им помага при добивање информации за нивно кариерно планирање, развој, професионална обука и советување,
- развива маркетинг план за промоција на УКиМ и дипломците пред бизнис заедницата и врши вмрежување,
- развива систем на воспоставување на Алумни асоцијација и води евиденција за поранешните студенти (Алумни),
- организира Отворени денови на Универзитетот со цел да ги запознае идните студенти со можностите за студирање на Универзитетот.

Центарот за кариера на ГФ спроведува дел од горенаведените активности, со посебен акцент на презентација на

ГФ. Во учебната 2025-2026 год., ЦК организираше: Саем за кариера на кој присуствуваа неколку фирми; Хакатон и работилница „Градиме иднина“ со повеќе тимови на ученици од средните школи; два отворени дена во соработка со УКИМ за презентација на факултетот на средношколците, од кои едниот беше на секоја единица, а другиот во ТЦ Сити Мол; презентација на факултетот во 23 средни училишта низ државата; дочек на дечиња од градинка кои ги запозна со градежништвото (ова како дел од општествената одговорност на ГФ). Покрај нив, може да се наведе и учеството на учениците од ГУЦ „Здравко Цветковски“ на европската конференција за механика на карпи и инженерство во карпи EUROCK 2026, што се одржа во Скопје, 15-19.9.2026 год., на која ГФ беше ко-организатор, а каде, покрај следење на предавања од странски еминентни гости, запознаа и повеќе од 25 компании и институции кои се претставија преку штандови на саем. За активности за кои не е доволен бројот на членови на Центарот, се повикуваат и надворешни членови од редот на кадарот и студентите. ЦК редовно објавуваше информации за своите активности на официјалната веб-страница на ГФ, како и на официјалните профили на социјалните мрежи на факултетот и напиша извештај за работата во учебната 2025/26 год. Во учебната 2024/25, ЦК во минатиот состав, чиј раководител беше актуелниот продекан за настава, спроведе дводневна работилница „Градиме иднина“ која се одржа во Охрид, зеде учество на Саем за образование во ТЦ Сити мол, реализираше два отворени дена и посети неколку средни училишта низ Скопје (останатите планирани посети беа одложени / откажани поради трагедијата во Кочани), како и средба помеѓу студенти од II циклус и фирми за стипендирање на студенти на ГФ.

Дел од предвидените задачи на ЦК на ГФ е потпишување меморандуми за соработка со стопанството и организација на практика на студентите со компании од стопанството. Сепак, овие активности ги спроведува ГФ, бидејќи „Пракса“ е посебен предмет во рамките на студиските програми. ЦК на ГФ не организирал посебна пракса надвор од предметите. Досега, ЦК на ГФ нема организирано обуки, тренинзи или друг вид на поддршка за студентите, на кои, пак, за евентуална психолошка поддршка достапен им е Институтот за психологија на Филозофскиот факултет при УКиМ.

Прилози
Прилог 6.5. А. Правилник за Центарот за кариера на УКИМ
Прилог 6.5. Б. Преглед на активности на Центарот за кариера на ГФ во 2025/26
Прилог 6.5. В. Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата
Прилог 6.5. Г. Годишен извештај за работа на ГФ во 2024/25 (преглед на активности на ЦК во 2024/25)
Прилог 6.5. Д. Одлука за Центар за кариера на ГФ – 2021
Прилог 6.5. Ѓ. Одлука за Центар за кариера на ГФ – 2025

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот; Приказ на активности со Алумни заедницата во последните две години; Доказ дека системот е функционален.

Факултетот формирал систем за следење на членовите на Алумни заедницата преку платформата за социјални медиуми наменета за бизнис и вработување LinkedIn. Целта е меѓусебно вмрежување на дипломираните студенти на ГФ и нивно поврзување и соработка со матичната институција. За приклучување на оваа заедница, корисниците треба да имаат сопствен профил на оваа мрежа и во полето наменето за образование на корисникот, да биде вметнат точниот назив на факултетот на англиски јазик. Според самоевалуацијата од 2024 год., бројот на членови бил 844, додека во моментот на изготвување на овој извештај бројот на членови изнесува 990. Иако системот е во функција, во последните две години не се располага со информации за интеракција помеѓу членовите (не се организирани активности изминативе две учебни години).

Прилози
Прилог 6.6. А. Приказ на алумни заедница (LinkedIn) – кадар од екран
Прилог 6.6. Б. Регистрирани членови на алумни заедница – кадар од екран
Прилог 6.6. В. Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните две години.

Согласно Статутот на ГФ, студентите активно учествуваат во телата на факултетот: Деканатска управа (ДУ), Наставно-научен совет (ННС), како и соодветни комисии на факултетот: Комисија за самоевалуација на ГФ,

Дисциплинска комисија и слично.

На факултетот функционира факултетско студентско собрание (ФСС). Составот на членовите на студентското собрание се избира по непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање. Мандатот трае една година, со право на еден реизбор. Во ФСС учествуваат 25 студенти од сите студиски години и програми. ФСС има избрано заменик-студентски правобранител со задача заштита на правата на студентите пред органите или членовите на академската заедница на факултетот.

Факултетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите на различни начини. За студентите е обезбедена просторија за нивно организирање и делување со приближна површина од 30 m^2, која што ја користат без надомест. Во рамките на помошните простории на факултетот, постои мала сала за пинг-понг, достапна за сите студенти и вработени, чие користење е бесплатно. Дополнително, на барање на ФСС, а во насока на организација на студентски настани, презентации и дебати, факултетот бесплатно ги отстапува своите простории (амфитеатар, предавални и сл.) заедно со потребната техничка опрема. Поддршката за активностите на ФСС за кои се потребни финансии се реализираат по барање на ФСС кое што се разгледува и усвојува на седниците на ДУ. Во последните две години се префрлени 549428 денари за студентски активности.

Во текот на извештајниот период, факултетот одобрил финансиски средства на ФСС за различни намени, за учество на три регионални студентски натпревари во знаење (во Србија, БиХ и Црна Гора), како и локални општествено-културни настани и учества на маратони. Така, бројот на поддржани студентски настани од страна на факултетот е девет.

Прилози
Прилог 6.7. А. Статут на Градежен факултет – Скопје
Прилог 6.7. Б. Одлука за распишување на избори за претседател и членови на ФСС
Прилог 6.7. В. Записник од избор на претседател и членови на ФСС за 2025-2026
Прилог 6.7. Г. Одлуки за членови од ФСС во ДУ и ННС
Прилог 6.7. Д. Одлука на ГФ за избор на претставници од ФСС во ННС и ДУ
Прилог 6.7. Ѓ. Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација на ГФ - 2025
Прилог 6.7. Е. Одлука за предлог членови од ФСС во комисија за самоевалуација
Прилог 6.7. Ж. Одлука на ФСС за студентски правобранител
Прилог 6.7. З. Преглед на студентски настани поддржани од ГФ 2024-2026
Прилог 6.7. S. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на ГФ

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Информирањето на студентите со сите неопходни информации, обврски и можности се одвива секојдневно преку органите на факултетот, а особено преку студентската служба. Дистрибуирањето на услугите и можностите се спроведува главно по електронски пат, преку испраќање информации на електронската пошта на студентите и публикување информации на интернет страницата на факултетот, системите за електронско учење и социјалните мрежи и канали. За таа цел, на главната веб страница на факултетот постои посебен дел, наречен Огласна табла, преку која се дистрибуираат различни информации: распореди на часови и испити, најава на настани, предавања, работилници, огласи за практикантство и работа, одбрани на дипломски, магистерски и докторски трудови и сл.

Дополнително, на веб-страницата на ГФ се достапни информации за можностите за стипендирање на прв и втор циклус студии, вклучувајќи ги критериумите за доделување, условите за аплицирање и претходните одлуки за доделување стипендии. На овој начин, студентите навремено се информираат и за можностите за финансиска поддршка во текот на студирањето.

За одредени активности, студентите се информираат преку промотивни материјали во печатена и електронска форма (постери, брошури и сл.). Пример на постер е даден во прилог 6.8. Г. На веб-страницата на ГФ се достапни известувања за Еразмус+ студентска мобилност, каде студентите можат да се информираат за студиски престој и мобилност во странство, како и за условите, критериумите, потребната документација и начинот на пријавување во рамките на програмата Еразмус+.
Од особено значење, посебно за идните студенти, се отворените денови кои ги организира УКиМ. Овие настани овозможуваат запознавање со студиските програми, можностите за практикантство, студентскиот живот, како и со академските и професионалните можности што ги нуди Универзитетот. Преку директна комуникација со наставниот кадар и студентите и посета на факултетите, идните студенти имаат можност да се запознаат со условите за студирање и расположливите наставно-научни капацитети. Во извештајниот период за оваа самоевалуација се организираа два вакви настани.

Прилози
Прилог 6.8. А. Програм од заедничка годишна конференција на докторски студии 2025 г.
Прилог 6.8. Б. Програм од заедничка годишна конференција на докторски студии 2026 г.
Прилог 6.8. В. Конкурс за практикантска работа во компанијата Окта
Прилог 6.8. Г. Постер за Отворен ден на ГФ 12.12.2025

6.3. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции							
Учебни 2024/25 и 2025/26 години							
Р. бр.	**Име и презиме на вработен**	**Вид на обука/тренинг**	**Тема на обука**	**Траење**	**Организатор**	**Држава**	**Начин на финансирање**
1.	Тања Стојчевска	Обука	Запознавање со новини при практична употреба на новиот ИСУЧР систем	1 ден	Институт Концепт	РС Македонија	Градежен факултет
2.	Наташа Ивановска	Обука	Примена на Законот за Архивски материјал и архивска дејност	1 ден	Институт Концепт	РС Македонија	Градежен факултет
3.	Нино Богдановски	Сметководствена задолжителна обука за КПУ часови	Практични насоки за составување на Годишна сметка, даночни актуелности (Данок на добивка, ДДВ, Персонален данок) и примената на новиот Закон за работно ангажирање на лица кој започна со примена од јануари 2026 година	2 дена	ПроАгенс (онлајн обука)	Р.С. Македонија	Обезбедено од факултетот

6.4. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии

Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии						
Учебни 2024/2025 и 2025/26 години						
Р.бр.	**Име и презиме на студент/број на индекс**	**Циклус на студии (прв/втор/трет)**	**Назив на проектот**	**Имплементатор на проектот**	**Начин на финансирање**	**Линк до резултатите од проектот**
1.	Емилија Стојанова	Втор	Можности за употреба на одржливи композитни материјали со отпадна гума во паметни згради и инфраструктура (RubberWorld)	Градежен факултет, проф. д-р Тодорка Самарџиоска	Министерство за образование и наука на Македонија	Во тек
2.	Веселина Јованоска	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
3.	Деспина Војноска	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
4.	Беса Исмаили	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
5.	Михаела Данилоска	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
6.	Ангела Наумческа	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
7.	Аце Трајаноски	Прв	Исто	Исто	Исто	Исто
8.	Бојан Илиоски	Трет	Анализа на природни изотопи во врнежи, површински и подземни води	Градежен факултет, проф. д-р Виолета Ѓешовска	Исто	Исто
9.	Никола Крстовски	Трет	Исто	Исто	Исто	Исто
10.	Дејан Јанев	Трет	Отпорност на карбонизација на традиционални и бетони со ниска емисија	Градежен факултет, проф. д-р Горан Марковски	УКиМ, Градежен факултет	Исто

			на CO_2			
11.	Евгенија Стојкоска	Трет	Исто	Исто	Исто	Исто
12.	Бисера Ангеловска	Втор	Исто	Исто	Исто	Исто
13.	Илина Трајковска	Втор	Сеизмичка повред-ливост на АБ рамки со исполна од ѕидарија (MaSIF)	Градежен факултет, доц. д-р Кристина Милкова	Исто	Исто
14.	Илир Цанај	Трет	Исто	Исто	Исто	Исто
15.	Лирон Морина	Трет	Исто	Исто	Исто	Исто

6.5. Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата

Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата				
Учебна година	**Број на активности на Центарот за кариера**	**Број на студенти кои следеле обука/тренинг во Центарот за кариера**	**Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка (на пример, психолошка)**	**Дополнителни информации**
2024/2025	9	0	0	/
2025/2026	29	0	0	/

6.6. Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата

Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата				
Период	**Дали установата има функционален систем за следење на Алумни-заедницата?**	**Број на членови на Алумни-заедницата регистрирани во системот**	**Број на активности организирани за Алумни-заедницата**	**Број на членови на Алумни-заедницата кои учествувале во активностите**
2021-2024	Да	844	/	/
2024-2026	Да	990	/	/

6.7. S. Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на ГФ

Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата				
Учебна година	**Број на поддржани активности на студентите**	**Број на студенти учесници на тие активности**	**Буџет за активности на студентите [денари]**	**Дали установата им обезбедува простории на студентите и нивните организации?**
2024/2025	3	>100	195630	Да
2025/2026	6	>100	353798	Да

СТАНДАРД 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
Индикатор	**Документација**
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален.
Градежен факултет (ГФ) користи современи информациски системи и дигитални алатки за систематско прибирање, обработка, анализа и користење на релевантни информации за успешно реализирање, следење и континуирано унапредување на студиските програми и другите активности. Основен информациски систем за прибирање, обработка и управување со податоците поврзани со наставниот процес и студиските програми е iKnow, развиен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Преку него континуирано се прибираат, обработуваат и анализираат податоци за запишување на семестри, академскиот успех, дипломирањето, испишувањето, како и други показатели значајни за следење, анализа и унапредување на студиските програми. Пристапот до системот е организиран согласно доделените кориснички привилегии, при што сите релевантни засегнати страни, вклучително и студентите, имаат можност за увид и управување со податоците во рамките на своите надлежности. Покрај централниот информациски систем iKnow, студентската служба на ГФ користи интерен софтвер за управување со административните податоци и документацијата поврзани со студентите и реализацијата на студиските програми. Софтверот овозможува ефикасно водење на студентската евиденција, архивирање и резервно чување на податоците, со што се обезбедува сигурност, континуитет во работењето и дополнителна заштита на информациите. Во рамките на системот за обезбедување и унапредување на квалитетот, ГФ го користи универзитетскиот Систем за самоевалуација, преку кој студентите анонимно ја оценуваат наставата, наставниот кадар и другите аспекти од образовниот процес. Покрај оценувањето, студентите имаат можност да дадат коментари и конкретни предлози за подобрување на наставата, содржината на предметите и организацијата на наставниот процес. Резултатите од анализите се разгледуваат од надлежните тела на факултетот и претставуваат основа за преземање мерки за подобрување на наставниот процес и студиските програми. ГФ го користи Microsoft SharePoint како централизирана платформа за управување и споделување на интерната документација. Преку неа се организираат и архивираат материјалите поврзани со работата на Наставно-научниот совет (ННС), Деканската управа (ДУ), комисиите, како и останатите интерни акти, правилници и документи од значење за работењето на факултетот. На овој начин се обезбедува централизиран, безбеден и контролиран пристап до информациите, што придонесува за поефикасно управување со процесите и документацијата. Во рамки на научноистражувачката дејност, наставниот кадар на ГФ ја користи Ризницата на научни трудови на УКИМ како институционален репозиториум за евидентирање и јавно објавување на научната продукција. Воедно, тој ги ажурира своите профили на меѓународни научни платформи, како што се Google Scholar, ResearchGate и ORCID, со што се обезбедува поголема видливост и достапност на научноистражувачките резултати. Информациите добиени преку наведените информациски системи редовно се анализираат и се користат при подготовката на годишните извештаи, спроведувањето на самоевалуацијата, ревидирањето на студиските програми и планирањето на активности за континуирано унапредување на квалитетот на наставниот, научноистражувачкиот и административниот процес.	
Прилози Прилог 7.1. А. Правила за видливост на УКИМ Прилог 7.1. Б. Известување за подготовка на семестрален извештај за реализација на настава	
7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.

достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	

На факултетот континуирано се прибираат и анализираат релевантни податоци за реализацијата на студиските програми и останатите активности. Податоците опфаќаат информации за профилот на студентската популација, бројот на запишани, активни, дипломирани и отпишани студенти, академскиот успех и напредувањето низ студиите, резултатите од студентските евалуации, како и достапноста на ресурсите и поддршката за студентите.

Во процесот на прибирање, анализа и користење на податоците активно се вклучени студентите, наставниот кадар и административните служби. Студентите учествуваат преку анонимните анкети за евалуација на наставата, преку своите претставници во органите и телата на факултетот, како и преку активно учество во комисиите за самоевалуација, во кои се вклучуваат студенти од сите три циклуси на студии и од различни студиски насоки. На овој начин се обезбедува поширока студентска перспектива при анализата на квалитетот на наставниот процес, студиските програми и функционирањето на факултетот. Резултатите од студентските анкети претставуваат еден од показателите што се земаат предвид во постапките за избор и реизбор на наставниот кадар. Индивидуалните резултати им се доставуваат на наставниците, додека од збирните се подготвува извештај што се анализира на ННС со цел следење на квалитетот на наставниот процес и планирање мерки за континуирано унапредување. Покрај анкетите, вработените прибираат информации и во разговори со претставници на студентите.

Податоците и информациите добиени преку процесите на прибирање и анализа редовно се користат при подготовката на годишните извештаи и самоевалуацијата, ревидирањето на студиските програми, планирањето на уписната политика, подобрувањето на условите за студирање и студентската поддршка, како и при донесувањето одлуки за понатамошно унапредување на наставниот, научноистражувачкиот и административниот процес.

Прилози
Прилог 7.2. А. Извештај од анкети за 2024/25
Прилог 7.2. Б. Пример за организирање на настава по предмет во 2025 год. – три теста
Прилог 7.2. В. Пример за организирање на настава по предметот во 2026 год. после барање на студенти изразено во анкети за редуцирање на број на тестов – два теста

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси.

ГФ води евиденција за значајните настани, активности и процеси од значење за своето работење, кои континуирано се објавуваат на официјалната веб-страница на ГФ, каде што трајно се архивираат и остануваат јавно достапни, обезбедувајќи транспарентност и континуитет во информирањето, на пр., за одбрана на докторат, научни проекти, уписи на студенти итн.

За потребите на евидентирање и промоција на активностите, од неодамна факултетот користи интерна Google форма за доставување содржини за објавување на веб-страницата и официјалните профили на социјалните мрежи. Таа претставува централизирана база на информации за значајните настани и активности на ГФ, преку која се обезбедува нивно организирано прибирање, обработка и понатамошна јавна промоција.

За управување со интерната документација и информациите од значење за работењето на ГФ се користат платформите Microsoft SharePoint и OneDrive, преку кои се организираат, архивираат и споделуваат материјалите поврзани со работата на ННС, ДУ, комисиите и другите работни тела. Тие обезбедуваат централизирано управување со документацијата и контролиран пристап до информациите.

Дополнително, реализираните активности и постигнатите резултати систематски се документираат во Годишниот извештај за работа на факултетот, кој претставува официјален документ за следење на реализацијата на програмските активности и остварувањето на стратешките цели на установата. Прибраните информации редовно се разгледуваат и анализираат од ДУ, ННС и другите надлежни тела на факултетот. Врз основа на извршените анализи се донесуваат заклучоци и се планираат активности кои претставуваат основа за стратешкото управување и континуираното унапредување на наставната, научноистражувачката и организациската работа.

Прилози
Прилог 7.3. А. Регистар на значајни настани, активности и процеси
Прилог 7.3. Б. Годишен извештај за работата на Градежниот факултет - Скопје 2023-2024
Прилог 7.3. В. Годишен извештај за работата на Градежниот факултет - Скопје 2024-2025
Прилог 7.3. Г. Формулар за објавување содржини на веб страната и социјалните мрежи

7.4. Безбедноста на информациите (во	Акт на установата;

печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата.

ГФ обезбедува безбедна обработка, чување и користење на информациите и личните податоци на студентите, вработените и другите засегнати страни, согласно Законот за заштита на личните податоци, Законот за високото образование и интерните акти на факултетот. За таа цел, ГФ има донесено План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, како и правилници со кои се уредуваат техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци, правењето сигурносни копии, архивирањето и чувањето на податоците, како и постапките за уништување на документите и медиумите што содржат лични податоци. Со овие акти се обезбедува доверливост, интегритет и достапност на информациите, како и нивна заштита од неовластен пристап, губење или злоупотреба.

Градежниот факултет, како организациска единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за обработка на студентските податоци го користи универзитетскиот информациски систем iKnow, кој се одржува од страна на Универзитетот. Пристапот до системот е обезбеден со корисничка автентикација и е организиран согласно доделените кориснички права и овластувања, при што секој корисник има пристап исклучиво до информациите потребни за извршување на своите надлежности. На овој начин се обезбедува доверливост на студентските податоци, резултатите од испитите и другите информации поврзани со наставниот процес.

Во рамките на платформата iLearn, пристапот до наставните содржини, комуникацијата и активностите по предметите е ограничен на запишаните студенти и наставниот кадар, согласно доделените кориснички права, со што се обезбедува заштита на информациите и личните податоци во дигиталната комуникација. Дополнително, за управување со интерната документација ГФ користи Microsoft SharePoint, кој овозможува централизирано чување на документите и пристап исклучиво за овластени корисници, согласно доделените кориснички права.

Во однос на податоците што се обработуваат во хартиена форма, согласно Законот за високото образование и Статутот на УКиМ, утврдени се видовите податоци што се обработуваат во студентските досиеја. При запишувањето во прва година, студентите потпишуваат изјава со која даваат согласност за обработка на нивните лични податоци за потребите на студирањето, во согласност со законските прописи. Во таа насока, студентските досиеја се водат и чуваат согласно Законот за високото образование и Статутот на УКиМ, а обработката на личните податоци се врши исклучиво за потребите на наставниот процес и исполнување на законските обврски.

Факултетот има донесено Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер со кои располага Градежниот факултет при УКиМ. Согласно Одлуката, од правото на слободен пристап се исклучени личните податоци од персоналните досиеја на вработените, студентските досиеја, како и сите други информации што претставуваат исклучок согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со примената на наведените технички, организациски и административни мерки, ГФ обезбедува доверливост, интегритет и достапност на информациите, сигурна обработка на личните податоци и заштита на информациите поврзани со наставниот процес, студентската евиденција и комуникацијата преку официјалните дигитални платформи.

Прилози

Прилог 7.4. А. План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ГФ

Прилог 7.4. Б. Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на ГФ

Прилог 7.4. В. Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

Прилог 7.4. Г. Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот

СТАНДАРД 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
Индикатор	**Документација**
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери.

Градежниот факултет – Скопје (ГФ) обезбедува редовно, навремено и транспарентно информирање на јавноста за својата работа, студиските програми, наставните, научноистражувачките и стручните активности, како и за сите други информации од интерес за студентите и поширокота јавност. Информациите се објавуваат преку официјалната веб-страница на ГФ, како и преку официјалните профили на социјалните мрежи, со што се обезбедува нивна лесна достапност и навремено информирање на сите засегнати страни.

На веб-страницата редовно се објавуваат информации за студиските програми од сите циклуси, конкурси, услови за запишување, распоредот на наставата и испитите, известувања за студентите, меѓународната соработка, научно-истражувачките и апликативните проекти, огласите, конкурсите, како и други информации поврзани со работата, а достапни се и правилници, одлуки, обрасци и други документи од значење за студентите и вработените.

Факултетот активно ги користи социјалните мрежи како значаен канал за комуникација со јавноста и промоција на своите активности. Преку нив редовно се објавуваат вести и известувања, научни и стручни достигнувања, награди, промоции на дипломирани и магистрирани студенти, признанија, студентски успеси, информации за меѓународна соработка, конференции, работилници, посети, практична настава, учества на саеми, современи технологии, активности со стопанството и сродни институции, како и содржини поврзани со студиските програми, уписната политика и можностите за професионален развој на студентите. На овој начин се обезбедува континуирано и транспарентно информирање на јавноста и се зголемува видливоста на факултетот и неговите резултати. Во продолжение се прикажани избрани примери од објавите и промотивните активности реализирани во последниот период, кои ја илустрираат континуираната комуникација на ГФ со студентите, партнерите и поширокота јавност.
Свечена промоција на дипломирани и магистрирани студенти на Градежниот факултет
Покана за учество на првиот Меѓународен симпозиум SKILL2SUSTAIN
Потпишан меморандум за соработка помеѓу Градежниот факултет со Техничкиот универзитет за применети науки од Келн и Универзитетот од Хаген во Северна Рајна-Вестфалија, СР Германија.
Можност за стручна пракса за студентите на Градежниот факултет!
Одржана практична настава по Градежна физика реализирана со поддршка од АДИНГ
Информација за активностите на проектот: АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИ ИЗОТОПИ ВО ВРНЕЖИ, ПОВРШИНСКИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ
Организација на практичната настава на студентите од Градежниот факултет Скопје во градежните компании.
Градежниот факултет Скопје потпиша Меморандум за соработка со STRABAG

ГФ континуирано спроведува активности за промоција на своите студиски програми, наставната, научно-истражувачката и стручната дејност, со цел навремено информирање на јавноста и афирмирање на инженерската професија. Промотивните активности ги координираат Деканатот, Комисијата за промоција и Центарот за кариера и зголемување на видливоста на факултетот. Притоа редовно се организираат и учествува на саеми за образование и кариера, денови на отворени врати, промотивни работилници и презентации во средните училишта, на кои ги презентира студиските програми, меѓународната соработка и професионалниот развој на студентите.
Учество во подкаст - Како функционира Градежниот факултет? | Проф. д-р Јосиф Јосифовски и Миладин Крстаноски | Е16
Промотивно видео - Запишете се на Градежниот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"!
Посета на Градежниот факултет на саем за образование и кариера во Крива Паланка
Учество на Градежниот факултет на саемот за образование и кариера 2026
Градежниот факултет – домаќин на најмлади посетители, дечињата од градинката ЈУДГ ОЦ Кочо Рацин Скопје
Презентација на Градежниот факултет во Виница

Презентација на Градежниот факултет во Кавадарци
Презентација на Градежниот факултет во Струмица
Презентација на Градежниот факултет во Кочани
Од студентка на Градежен факултет во Скопје до одговорен инженер за контрола и квалитет во Луксембург – приказната на Катерина Кузмановска

Наставниот кадар на ГФ активно учествува во јавниот простор преку гостувања во телевизиски и радио емисии, подкасти, интервјуа и стручни дебати, при што обработува актуелни теми од областа на градежништвото, геотехниката, геодезијата, инфраструктурата, безбедноста на објектите и урбаниот развој. Преку овие настапи факултетот придонесува кон стручно информирање на јавноста, промоција на инженерската професија и афирмација на својата наставна и научноистражувачка дејност.
ДА СИ КАЖЕМЕ - Свлечишта на Водно, природен процес или човечки фактор со Јосиф Јосифовски и Игор Пеше
Студио 10 - Разговор со деканот на Градежен факултет Јосиф Јосифовски
Отворено студио на Канал 5, 16.03.2025 - Проф. д-р Горан Марковски - декан на Градежен факултет
ГРАДИМЕ ДА ТРАЕ
Engineer Cast | S1 E1 – Транспортната инфраструктура е иднината! | проф. д-р. Златко Зафировски
ENGINEER CAST | S1 E7 – Геодезијата наука што го мери светот! I проф. д-р Филип Касаповски
ENGINEER CAST | S1 E6 – Геотехниката зад стабилноста | проф. д-р Сеад Абази
Проф. Марковски: Кај нас одговорноста е растеглива категорија

Со користење на повеќе канали за комуникација, ГФ обезбедува информациите да бидат точни, навремени, објективни, ажурирани и лесно достапни, со што придонесува кон поголема видливост на институцијата и транспарентно информирање на јавноста, што може да се види и преку значително зголемениот број на интеракции на социјалните медиуми, кои надминуваат и 12000 на годишно ниво.

Прилози
Прилог 8.1. Преглед на дел од објавени информации за дејноста на установата во медиумите

8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: 1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.

Преку својата официјална веб-страница, ГФ обезбедува јавен и лесно достапен пристап до информации за својата работа, студиските програми и условите за студирање, во согласност со Законот за високото образование. На веб-страницата се објавени информации за студиските програми од сите три циклуси на студии, критериумите и условите за запишување, исходите од учењето, квалификациите што студентите ги стекнуваат по завршувањето на студиите, наставните планови и програми, начинот на реализација на наставата, постапките за проверка и оценување на знаењата, условите за студирање, можностите за практична работа и меѓународна мобилност, како и информации поврзани со можностите за професионален развој и вработување на дипломираните студенти.

Покрај информациите за студиските програми, на веб-страницата се јавно достапни и документите предвидени со член 21 став 3 од Законот за високото образование, меѓу кои Статутот на ГФ, правилници и другите општи акти, решенијата за акредитација и почеток со работа на студиските програми, актот за систематизација, деловникот за начинот на работа и одлучување на телата на ГФ, правилникот за плати и надоместоци, извештаи и одлуки за избор во наставно-научни и соработнички звања, завршните сметки, годишните извештаи, прифатените теми за изработка на магистерски и докторски трудови, Етичкиот кодекс, како и други документи од значење за работењето.
Годишен извештај (од 1.01.2025 до 31.12.2025)
Соопштение за избор во соработничко звање
Прифатени теми за изработка на магистерски трудови – 567. Седница на ННС од 30.04.2026г.
Прифатени теми за изработка на докторски трудови – 567. Седница на ННС од 30.04.2026г.

Во моментот нема објавен Распоред на работни задачи за тековната учебна година, генерално тие се уредени во Правилникот за систематизација на работните места на Градежниот факултет – Скопје.

Со редовно ажурирање на содржините и обезбедување јавен пристап до наведените информации и документи, ГФ обезбедува транспарентност во работењето и навремено информирање на студентите, вработените и поширокатa

јавност.
Прилози Прилог 8.2. А. Правилник за систематизација на работните места на Градежниот факултет во Скопје Прилог 8.2. Б. Одлука за плати, надоместоци, додатоци и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на плата на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо).
Градежниот факултет – Скопје обезбедува транспарентност и јавна достапност на клучните исходи од наставната и научноистражувачката дејност преку својата веб-страница. Редовно се објавуваат соопштенија за прикачени докторски дисертации, информации за јавни одбрани на магистерски и докторски трудови, научноистражувачките проекти што се реализираат на факултетот, научните трудови во кои учествуваат наставниците и соработниците, како и научното списание *Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE)*. Дополнително, на веб-страницата се објавуваат информации за промоција на доктори на науки и други значајни научни и академски достигнувања. На овој начин, ГФ обезбедува јавна достапност на резултатите од научно-истражувачката работа и транспарентност на постапките за стекнување научни степени.	
Прилози */*	

8.1. Преглед на дел од објавени информации за дејноста на установата во медиумите

Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите							
Учебна година	**Број на гостувања во ТВ-емисии**	**Број на објавени информации на ТВ**	**Број на објавени информации на радио**	**Број на објавени информации во печатот**	**Број на објавени информации на дигиталните медиуми**	**Број на објави на социјалните медиуми (Фејсбук, Инстаграм, X)**	**Број на остварени интеракции на социјалните медиуми**
2023/2024						27	650
2024/2025						24	3100
2025/2026						102	12400

СТАНДАРД 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
Индикатор	**Документација**
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните две години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните две академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).

Студентите имаат можност за мобилност, за што Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКиМ) и Градежниот факултет (ГФ) имаат дефинирани и утврдени процедури, кои се објавени и достапни на соодветните интернет-страници на УКиМ и ГФ.

Студентите и вработените имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмите ERASMUS+ Programme и CEEPUS. Преку УКиМ, ГФ има склучено 13 ERASMUS+ договори за мобилност на студенти и наставен кадар.

Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, што е дефинирано во документот Student Mobility for Studies. Имено, при пополнување на конкурсната документација, студентите во посочениот документ ги наведуваат предметите кои сакаат да ги слушаат во летниот семестар (апликацијата се одвива во претходниот зимски семестар) на факултетот кој ги прима, а на документот се потпишуваат овдешните предметни наставници со обврска да ги признаат и прифатат следењето и положувањето на предметот, со овдешен број на кредити. Покрај признавањето на слушаните и положени предмети при мобилност согласно договорите, факултетот овозможува неограничена мобилност на студентите.

Преглед на остварената мобилност во рамки на ERASMUS+ програмата за мобилност на студенти, во анализираниот период 2024-2025 и 2025-2026, се дава во следната табела:

Академска година	**Број на вкупно запишани студенти на сите три циклуси на студии во семестарот кога е остварена мобилноста**	**Број на студенти кои остариле мобилност**	**Процент на студенти кои остариле мобилност**
2024/2025	808	3	0,37%
2025/2026	800	1	0,13%

Мобилностите се реализирани на универзитетите во Осијек – Хрватска (Факултет за градежништво и архитектура), Сараево – БиХ (Градежен факултет), BOKU Виена – Австрија (Оддел за пејсажи, вода и инфраструктура) и Конија – Турција (Факултет за природни науки и инженерство).

Од изнесеното се цени дека и покрај расположивите можности за кои студентите се информирани, сепак мобилноста не е доволно ползувана, за што, покрај тековните обврски на факултет, делумна причина се наоѓа и во (не)мотивираноста на студентите.

Прилози
Прилог 9.1.А. Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии
Прилог 9.1.Б. Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните две години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма)
Прилог 9.1.В. Student mobility for studies

9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).

Меѓународната соработка е континуирано присутен приоритет на факултетот во насока на вмрежување, размена на искуства и практики во сферата на наставниот, научниот и истражувачкиот процес. Впрочем, во рамките на Годишните акциски планови се даваат мерки и проектирани вредности за достигнување, потоа една од точките во редовните Годишни извештаи за работата на ГФ е посветена токму на преглед на остварена научно-истражувачка работа и меѓународна соработка во претходната година, исто така претставува издвоено поглавје во извештаите од самоевалуацијата, а е важен дел и од Програмата за работа на Деканот, каде се следат број на: предавања на професори од странство; трудови објавени во списанија индексирани во WoB или Scopus; тековни меѓународни проекти и учества на наставниот кадар на меѓународни конференции или мобилности во странство.

Факултетот има продекан за наука и меѓународна соработка кој е и надлежен за мобилноста преку ERASMUS+. Во таа улога, продеканот има за задача да ги координира студентите околу аплицирање и прифаќање на остварените активности при реализираната мобилност, додека Канцеларијата за меѓународна соработка на УКиМ остварува комуникација меѓу универзитетите и склучува договори. Така, во анализираниот период, продеканите обезбедуваа логистичка поддршка на студентите кои се пријавиле за добивање на стипендија за академска мобилност.

За извршување на функциите од областа на меѓународната соработка и интернационализација и зајакнување на овие компоненти, покрај продекан за наука и меѓународна соработка, факултетот има формирано и Комисија за научно-истражувачка дејност и меѓународна соработка, со која раководи продеканот, и која повремено одржува состаноци. Нивните препораки, како и оние изнесени во Извештајот од самоевалуацијата, факултетот ги следи, но и ги поткрепува со одредбите и насоките во Програмата за работа, каде како развојни и стратегиски цели и приоритети во доменот на интернационализација се: продолжување на конкретната соработка со странски универзитети, обезбедување услови за престој на млади соработници и наставници во партнерски институции во странство, пружање поддршка за секој објавен труд во списание со IF и на меѓународни научни собири итн.

Како резултат, ГФ е вклучен во меѓународните програми ERASMUS+, CEEPUS, COST итн., преку кои се остварува мобилност на наставен кадар, студиски престој во странска институција, соработка со истакнати истражувачи од странство, размена на сознанија и резултати од истражувања итн. За тоа придонесува и учеството на наставниот кадар на факултетот во научни одбори на меѓународни конференции; во одбори за евалуација на реферати поднесени за објавување во меѓународни списанија; во уредувачки одбори на списанија со импакт-фактор; во меѓународни технички комитети.

Токму реализирањето на предвидените активности и исполнувањето на индикаторите на полето на меѓународната соработка и интернационализација се следи редовно преку изготвување на Годишен извештај за меѓународна соработка кој претставува интегрален дел од Годишниот извештај за работењето на ГФ, потоа во рамките на извештаите од самоевалуацијата во изминатите периоди, како и во извештаите за реализацијата на Годишните акциски планови. Така, во нив се издвојуваат студиските престои на академскиот кадар на странски универзитети, организираните научни настани со учесници од странство, гостувањата на реномирани професори и научни работници од странски универзитети, соработките со други градежни факултети и универзитети, меморандуми за соработка со сродни институции итн. Воедно, локалните координатори на меѓународните научно-истражувачки проекти подготвуваат извештаи од работата, а кои се предмет на разгледување во рамки на редовните седници на Наставно-научниот совет (ННС), кога истите и се усвојуваат. Во рамките на седниците на ННС континуирано се споделуваат и информации од остварени престои во странство.

Прилози
Прилог 9.2.А. Годишен извештај за работата на ГФ во 2024-2025
Прилог 9.2.Б. Програма за работа на Декан 2025-2028
Прилог 9.2.В. Одлука за Комисија за научно-истражувачка дејност и меѓународна соработка - 2022
Прилог 9.2.Г. Одлука за Комисија за научно-истражувачка дејност и меѓународна соработка - 2025
Прилог 9.2.Д. Предлог мерки за отстранување на слабости и подобрување
Прилог 9.2.Ѓ. Извештај за реализација на ГАП во 2024-2025

9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните две години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

Финансирањето на меѓународната соработка на ГФ се врши со сопствени средства на факултетот, средства на УКИМ, од странски програми и со средства обезбедени од Министерството за образование и наука (МОН). Притоа, средствата на факултетот се формираат од фондови за остварување на дејностите на факултетот, за млади кадри, за поддршка на научно-истражувачка работа, на катедри и од процент од школарина за I и II циклус на студии.

Реализацијата и финансирањето на меѓународната соработка е во согласност со Одлуката за распределба на средства од Фондот за поддршка на научно-истражувачка дејност на Градежен факултет со која, помеѓу останатото, за вработените се предвидува покривање на трошоци за: научно-истражувачки проекти; набавка на компјутери;

учество на конгреси, симпозиуми, стручни и научни собири во земјата и странство; награда за автори на трудови објавени во списание со фактор на влијание и сл. Од увидот во завршните сметки, може да се констатира дека ГФ во 2024 год. за семинари и конференции издвоил 661790 ден. на факултет и 264300 ден. на катедри, односно вкупно 926090 ден., што е 0,8% од сопствените приходи. Во оваа табела издвојувани се средства за патни трошоци 1153049 ден., дневници 62210 ден., потоа телефон и др. Во 2025 год. издвоил 156346 ден. по катедри и 326709 ден. на факултет, односно вкупно 483055 ден., што е 0,6% од сопствените приходи. Исто така, издвоени се и 70000 ден. за членарина за симпозиуми, како и средства под ставка сместување и патни трошоци во износ од 943256 денари, потоа телефон, транспортни трошоци и копирање, но кои опфаќаат и други цели покрај научно-истражувачките. Покрај ова, за дел од проектните активности кои ГФ ги реализира како координатор или партнер (ERASMUS+ и др.), согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, па администрирањето и распределувањето на финансиските средства за овие научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот.
Прилози Прилог 9.3.А. Одлука за распределба на средства од Фонд за наука Прилог 9.3.Б. Завршна сметка на ГФ за 603 2025 Прилог 9.3.В. Завршна сметка на ГФ за 603 2024 Прилог 9.3.Г. Завршна сметка на ГФ за 788 2025 Прилог 9.3.Д. Завршна сметка на ГФ за 788 2024 Прилог 9.3.Ѓ. Завршна сметка на ГФ за 815 2025 Прилог 9.3.Е. Завршна сметка на ГФ за 815 2024
9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните две години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните две години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.
ГФ се истакнува со соработка со бројни институции од земјата и странство, од која студентите имаат исклучителен бенефит. Имено, студентите имаат можност дел од студиите да ги реализираат на странски универзитети, за што на располагање ја имаат програмата ERASMUS+ (досега реализацијата претежно се одвивала на факултети во Хрватска, Словенија, Австрија и Чешка, а можности има и на сродни во Португалија, Шпанија, Италија, Полска и Бугарија), додека во последниот семестар, преку предметот „Пракса“, се упатуваат на практична работа во стопанството, во мали, средни и големи фирми, значаен дел од што се врши со поддршка од Здружението за градежништво при Стопанската комора на Северна Македонија. Така, во академската 2024/25 на пракса биле 47 студенти, за 2025/26 биле проектирани барем 56, а праксата во фирми ја остварile 67 студенти. Воедно, редовно се спроведуваат и теренски посети во соработка и со поддршка од реномирани домашни и странски компании (на пр., ГРАНИТ, ЖИКОЛ, АКТИВА, ШТРАБАГ, БЕХТЕЛ-ЕНКА, ЃУЛЕРМАК итн.). Одредени насоки за својот понатамошен развој, помеѓу кои се и избор на студиски програми (насоки) и предмети, студентите може да побараат во Центарот за кариера при ГФ, кој негува контакти и обезбедува информации од Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за информатичко општество и администрација, Агенцијата за вработување и др. Наставниот кадар на ГФ е вклучен во планирање, организација и реализација на домашни и меѓународни летни школи и обуки во државата, додека контактите со странство ги ползува и за пружање на можност на студентите да земат учество на такви настани во други држави. Во овој контекст, може да се истакне програмата GIZ преку која одреден број на студенти од ГФ остварile повеќемесечна стручна пракса во фирми во Германија, стекнувајќи се со драгоцени искуства. Во рамките на реализацијата и иновирањето на студиските програми, ГФ разменува искуства и соработува и со други стручни, образовни и научни институции од земјата и странство, со кои има склучено и меморандуми за соработка. Паралелно, ГФ е вклучен и во повеќе програми, проекти и настани од меѓународен карактер и важност. Така, организирани се и поголем број на работилници, обуки и семинари, со физичко присуство и/или со примена на видео-конференциска врска, наменети и за студенти, а на кои предавачи биле и членови на наставниот кадар. Одредени компоненти на научно-истражувачките проекти и акции се комплементарни на предметните програми, преку кои се стекнати знаења и технички вештини во специјализирани области од предмети на студиите. Во овие две академски години, кадарот на ГФ остварил 30 студиски престои во странство, на референтни универзитети вклучувајќи: University of Ljubljana, University of Twente, IAEA, IHE Delft Institute for Water Education, Global Sanitation Graduate School, Regional Cooperation Centre, and German Society for International Cooperation, Izmir University of Economics, Ruhr-Universität Bochum, TU Delft, EPFL, West Yunnan University of Applied Science, Dali City,

Yunnan Province, P.R.China, Технички факултет во Берлин, Metabolon and TH in Köln, Circular Valley Convention in Dusseldorf, Wuppertal institute for climate environment and energy, Градежен факултет во Сараево, Градежен факултет – Белград, Градежен факултет при Универзитет во Загреб, University of Florence, School of Engineering, Универзитет во Подгорица – Градежен факултет, Politechnico di Bari, Metabolon and TH in Köln, Wuppertal institute for climate environment and energy, Технички универзитет во Конија – Турција, International Centre for Numerical Methods in Engineering (CIMNE) UPC BarcelonaTech – Madrid. Биле претседатели и членови на организационен или научен одбор на 19 конференции, спровеле или учествувале во 30 работилници, активно соработува со 102 институции (претежно универзитети) и учествувале во 49 научни проекти или акции.

Преку Erasmus Mundus програмата, факултетот започна да креира заедничка студиска програма со странски универзитети. Во периодов, во фаза на акредитација во Хрватска е студиската програма од втор циклус на студии MaStER_G, пионерска мастер-програма во областа на еколошка геотехника и управување со геохазарди, во која ГФ и Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при УКиМ се партнери на Геотехничкиот факултет во Вараждин (Универзитет во Загреб, Хрватска), Рударско-геолошкиот факултет во Белград (Универзитет во Белград, Србија) и Политехничкото училиште во Салвадор (Федерален универзитет на Баија, Бразил).

Во извештајниот период, наставниот кадар земал учество на конференциите: International Congress of Mathematics - ICM 2026, Pennsylvania Convention Center, Philadelphia, USA; 18th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering, Slovak University of Technology in Bratislava, Bratislava, Slovakia; IABSE Congress, Ghent, Belgium; 8th International Conference on Smart Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Civil Structures, Dresden, Germany; 11th International Operational Modal Analysis Conference, Ren, France; 45. Zborovanje gradbenih konstruktorjev Slovenije, Portoroz, Slovenia; 3rd Croatian Conference on Earthquake Engineering - 3CroCEE, Split, Croatia; 18th European Conference on Earthquake Engineering, Berlin, Germany; Symposium on Engineering Geodesy, Zagreb, Croatia; ISRM International Symposium, Eurock 2025, Trondheim, Norway; 21st International Conference on Soil Mechanics and Geotechnical Engineering, Vienna, Austria; International Commission on Large Dams CRC Press/Balkema, Chengdu, China; 7th Meeting of the EWG International Symposium on Dams and Earthquakes, Athens, Greece; 7th fib Congress, Lisbon, Portugal; Latin American Rock Mechanics Symposium LARMS 2026, Brasilia, Brasil; 4th ENA European NORM Association Workshop, Sevilla, Spain; 6th International Conference Innovative Materials, Structures and Technologies, Riga, Latvia; 1st International Scientific Research Congress, Istanbul, Turkiye; и др. Со тоа, 44% од наставниот кадар пријавил учества на меѓународни конференции.

Прилози
Прилог 9.4.А. Листа на студиски престој на наставниот кадар
Прилог 9.4.Б. Листа на конференции и симпозиуми на кои ГФ е организатор-коорганизатор
Прилог 9.4.В. Листа на работилници на кои ГФ е организатор-коорганизатор
Прилог 9.4.Г. Листа на универзитети со кои соработува ГФ
Прилог 9.4.Д. Листа на научноистражувачки проекти

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите две години.

ГФ има повеќегодишна традиција за ангажирање на наставен кадар од странство во одржување на предавања за своите студенти. Тоа е претежно резултат од меѓународната комуникација, но и на ангажирањето на реномирани истражувачи во меѓународниот уредувачки одбор на журналот SJCE што го издава факултетот.

Сето ова се одразува и на дојдовната мобилност, преку која во наставата на ГФ се вклучиле професорите Рамазан Алпај Абак (Турција), Сетимио Ферлиси (Италија), Ристе Шкрековски (Словенија, во три наврати), Иван Игњатовиќ (Србија), Примож Може (Словенија), [сите во 2026], Слободан Мицковски (Шкотска, 2025, 2026), Франческа Лупи (Германија), Рудигер Хофер (Германија), Анил Јунатчи (Турција), Мартин Кнор (Словачка), Пауло Рамос (Португалија) [во 2025], Шон Смит (Обединето Кралство), Клудио Бори (Италија), Ресат Улусај (Турција), Војкан Јовичиќ (Словенија), Ник Бартон (Норвешка) и Гулсун Сагламер (Турција) [во 2024]. Дел од нив, но и други, биле ангажирани и како членови на комисии за оценка и одбрана на дисертации: Хусеин Мруех, Марко Ренчељ, Зоран Боniќ, Милош Кнежевиќ, Ненад Иванишевиќ, Бранислав Бајат, Флорим Грајчевци, Кевин Пејн, Мирјана Лабан, Виолета Нуши, Зоран Сушиќ, Тина Дашиќ, Милица Марковиќ, Фернандо Салазар итн. На таков начин, на ГФ во изминатите две години гостувале и престојувале преку 30 реномирани проефсори.

Во извештајниот период, на ГФ се запишале три странски студенти: во 2024/25 година – по еден на прв циклус и на трет циклус на студии; во 2025/26 година – еден на втор циклус. Во насока на подобрување на салдото, на ГФ е покренатa иницијатива за организирање на настава на студиската програма по градежништво на англиски јазик.

Прилози

Прилог 9.5.А. Листа на визитинг наставници
Прилог 9.5.Б. Пример од записник од ННС со членови од странство во комисии за одбрана на докторати
Прилог 9.5.В. Дневен ред на ННС со разгледување на точка за покренување на студии по градежништво на англиски јазик
Прилог 9.5.Г. Концепт за студиска програма по градежништво со настава на англиски јазик

9.1.А. Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии

Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии								
Учебна година	**Број на студенти кои користеле мобилност на 1. циклус**	**Процент на студенти кои користеле мобилност во вкупниот број на студенти (1. циклус)**	**Број на студенти кои користеле мобилност на 2. циклус**	**Процент на студенти кои користеле мобилност во вкупниот број на студенти (2. циклус)**	**Број на студенти кои користеле мобилност на 1. и 2. циклус (за интегрирани студии)**	**Процент на студенти кои користеле мобилност во вкупниот број на студенти на 1. и 2. циклус (за интегрирани студии**	**Број на студенти кои користеле мобилност на 3. циклус**	**Процент на студенти кои користеле мобилност во вкупниот број на студенти (3. циклус)**
2024/2025	0	0	1	0,3%	/	/	2	6%
2025/2026	0	0	1	0,3%	/	/	0	0

9.1.Б. Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните две години, за сите циклуси на студии

Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните две години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+								
Учебна 2025/2026 година								
Р. бр.	**Име и презиме/ број на индекс**	**Циклус на студии**	**Студиска програма**	**Период на мобилност**	**Институција домаќин**	**Држава домаќин**	**Финансирање на мобилноста (програма)**	**Дали е признато формалното образование стекнато со мобилноста?**
1.	Александар Димески	2	Градежништво	15.10.-15.11.2024	Универзитет Јосип Јурај Штросмаер во Осијек, Факултет за градежништво и архитектура	Хрватска	CEEPUS	Да
2.	Филип Петровски	3	Геодезија	23.9.-02.10.2024	Технички универзитет – Конија, Факултет за природни науки и инженерство, Оддел за геоматика	Турција	Докторска школа	Да
3.	Филип Милески	3	Геодезија	11-15.11.2024	Унивезитет во Сараево, Градежен факултет, Оддел за геодезија и геоинформатика	Босна и Херцеговина	Докторска школа	Да
4.	Катерина Начева	2	Конструктивна насока	Летен семестар 2026	University of Natural Resources and Life Sciences, Department of Landscape, Water and infrastructure	Австрија	Еразмус+	Да

4. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.
/
/

ИЗЈАВА

Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 07-720-1
14-09-2026 год.

ИЗЈАВА

Под полна материјална и кривична одговорност, јас, проф. д-р Јосиф Јосифовски, со ЕМБГ 3010974450093, одговорно лице (декан) во високообразовната установа Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Градежен факултет Скопје, изјавувам дека сите податоци прикажани во извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет Скопје, за периодот на учебните 2024/25 и 2025/26 година се точни и вистинити.

Изјавил,

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје • Република Северна Македонија • Градежен факултет Скопје